ГЛАСИЛО НА НАЦИОНАЛНИОТ СОЈУЗ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА
МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

НАЦИОНАЛЕН СОЈУЗ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА
МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

МОБИЛНОСТ

ОДБЕЛЕЖАН 3 ДЕКЕМВРИ – МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ

ОДБЕЛЕЖАН 4 ДЕКЕМВРИ – ДЕН НА ЛИЦАТА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА

ИЗЛОЖБА НА ЛИКОВНИ ДЕЛА ОД V-ТАТА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА „ОХРИД 2014“

СРЕЌНА НОВА ГОДИНА

БРОЈ 81, ДЕКЕМВРИ 2014
www.mobilnost.mk
e-mail: contact@mobilnost.mk

STRUMICA
FESTIVAL

МОБИЛНОСТ

ГЛАСИЛО НА НАЦИОНАЛНИОТ СОЈУЗ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

Издавач:
МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

Уредувачки одбор:
Главен и одговорен уредник:
Митко Фидановски

Одговорни уредници:
Бранимир Јовановски
Нико Јанков

Издавачки совет:
Бранимир Јовановски
Нико Јанков
Штерјо Николов
Стеван Ангелески
Буран Бала
Лилјана Матеничарска
Велибор Јакимовски
Васил Томов
Дејан Ѓорѓиевски
Венко Голабоски
Ефтимчо Атанасовски

Лектор:
Ангелина Николовска

Адреса:
Национален сојуз на
лица со телесен инвалидитет
Мобилност Македонија
Ул. „11 Октомври“ бр. 42/а – Скопје
Тел: (02) 3 211 280

Жиро сметка:
300000000106445
Комерцијална Банка

Печатено во 1200 примероци
Излегува тримесечно
Бр. 81, Декември 2014
Со решение бр. 01-483/2 од
16.05.1994 год. весникот
„Феникс 86“ е запишан
во регистарот на весниците

Дизајн и компјутерска подготовка
Далибор Јовановски

Печат:
„Фокус принт“ – Скопје

Весникот е бесплатен.

СОДРЖИНА

ЗБОР НА УРЕДНИКОТ 2
ЈАВНА ДЕБАТА ПО ТЕКСТОТ НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЛИЦА СО ИНВАЛИДНОСТ 4
ПРАВИЛНИК ЗА КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ; СОЦИЈАЛНО И МЕДИЦИНСКИ ФУНКЦИОНАЛЕН ИЛИ НЕШТО ПОМЕЃУ? 8
РАБОТНА СРЕДБА СО ДИРЕКТОРКАТА НА ФЗОМ М-Р МАЈА ПАРНАРЏИЕВА ЗМЕЈКОВА 9
ОДБЕЛЕЖАН 3 ДЕКЕМВРИ – МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ 11
ОДБЕЛЕЖАН 4 ДЕКЕМВРИ – ДЕН НА ЛИЦАТА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА 13
XX МУЗИЧКИ ФЕСТИВАЛ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА 15
ТЕМАТСКА РАБОТИЛНИЦА ВО КИЧЕВО 16
VIII МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА ВО САНСКИ МОСТ, БИХ 17
КАКО ИЗГЛЕДА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА КОНВЕНЦИЈАТА НА ООН ЗА ПРАВАТА НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ ВО ПРАКТИКАТА 18
ИЗЛОЖБА НА ДЕЛА ОД V-ТАТА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА „ОХРИД 2014“ 20
ДОДЕЛЕНИ НАГРАДИТЕ ЗА НАЈДОБРИ ЛИТЕРАТУРНИ ТВОРБИ 21
ОДРЖАН XX РЕПУБЛИЧКИ КВИЗ -НАТПРЕВАР НА ЛИЦАТА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА 22
СЛАВЕЈ АД СКОПЈЕ ЗАПОЧНА СО ПРИМЕНА НА СОВРЕМЕНА CAD/CAM ТЕХНОЛОГИЈА ВО ОРТОТИКАТА И ПРОТЕТИКАТА 24
ДОКТОРОТ ВИ ОДГОВАРА 25
ОТВОРЕНО ИНКЛУЗИВНО ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО ПРИЛЕП 26
ТРИУМФ ВО РЕСЕН: УСПЕШНО ИЗВЕДЕНА МОНОДРАМАТА „МОЈАТА ПРЕСПА! МОЈОТ РЕСЕН! МОЈАТА СУДБИНА!“ ВО РЕЖИЈА НА СОТИР ЧАУШЕВСКИ 27
„МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ ВО ЕМИСИЈА НА ТВ ВИЗИЈА ОД ПРИЛЕП 28
МАНИФЕСТАЦИЈА ПО ПОВОД ДОНАЦИЈА, ТРЕТО МЕСТО И ГЕНЕРАЛНА ПРОБА 28
„МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ НА ТВИНИНГ-ПРОЕКТОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ 29
„МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ НА ВТОРАТА БАЛКАНСКА КОЛОНИЈА НА РАКОТВОРЦИ СО „АСТЕРИОН ГАЛЕРИ“ 29
МУЗИЧКИ СРЕДБИ НА „СТРУМИЦА ОПЕН ФЕСТИВАЛ“ 30
„МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА“ НА 9-ТИОТ МУЗИЧКИ ФЕСТИВАЛ ВО ПОМОРЈЕ, Р. БУГАРИЈА 31
ТРАДИЦИОНАЛЕН ИЗЛЕТ НА „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ 31
„МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ НА „ПРЕСПАНСКИ ЈАБОЛКОБЕР 2014“ ВО РЕСЕН 32
„МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ НА РАБОТИЛНИЦА НА УСАИД ВО ОХРИД 33
КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА СОЦИЈАЛНА И ОБРАЗОВНА ИНКЛУЗИЈА НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ 33
„МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ НА ТРИБИНА ВО КИЧЕВО 34
„МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ ТРИУМФИРАШЕ НА „ТОРТИЈАДАТА“ ВО СТРУМИЦА 34
„МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ НА ТВИНИНГ-ПРОЕКТОТ ВО БИТОЛА 35
РАБОТНА ПОСЕТА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА РЕСЕН ВО АНЦЕЛАРИЈАТА НА „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ ВО РЕСЕН 36
СЕДНИЦА НА ЛЕСС ВО ГРАДСКОТО СОБРАНИЕ ВО СКОПЈЕ 37
„МОБИЛНОСТ РАДОВИШ“ СО НОВИ ПРОСТОРИИ 38
КРЕАТИВНА РАБОТИЛНИЦА ВО НОВИ КНЕЖЕВАЦ ПОД МОТОТО „ЖИВОТОТ Е УМЕТНОСТ“ 39
„МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ НА РАБОТИЛНИЦА НА „МРЕЖА НА МЛАДИ ПРЕТПРИЕМАЧИ“, ПОДДРЖАНА ОД ЕУ 40
МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ СО УШТЕ ЕДНА УБАВА АКТИВНОСТ 41
ПУШТЕН ВО УПОТРЕБА НОВИОТ СПОРТСКИ ЦЕНТАР „ЈАНЕ САНДАНСКИ“ 41
РАБОТНА АКЦИЈА НА ЧЛЕНОВИТЕ ОД РЕСЕН 42
XVII „ТОРТИЈАДА“ 43
БЕСПЛАТНО ЗДРАВСТВЕНО ПРЕДАВАЊЕ 44
ОД ШТО ЗАВИСИ ДАЛИ НЕКОЈ ЌЕ ПОМОГНЕ? 44
ПОГОЛЕМА КОНТРОЛА ВО ДВИЖЕЊЕТО НА ТЕЛОТО 46
НАГРАДНА ИГРА 47
ОДРЖАНО XXVI ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ВО ШАХ ЗА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА 48
СПОРТСКИ ИГРИ ВО МАТАРУШКА БАЊА 48
ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ВО СТРЕЛАШТВО 49
ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ВО ПИНГ ПОНГ 50
СПОРТСКИ ИГРИ ВО ЗЕНИЦА 50
БРОНЗЕН МЕДАЛ ЗА ОЛИВЕРА НАКОВСКА-БИКОВА, ДВЕ ДИРЕКТНИ КВОТИ ЗА РИО ЗА МАКЕДОНИЈА 51
НАТПРЕВАР ВО ТАБЛА 52
НАТПРЕВАР ВО БРИЏ ПО ПОВОД 3 ДЕКЕМВРИ 52
„МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА“ ГО ОСВОИ ПРЕОДНИОТ ПЕХАР ЗА 2014 ГОДИНА 53
УСПЕШНО РЕАЛИЗИРАН ПРОЕКТ, ОДОБРЕН ОД СОБРАНИЕ НА ГРАД СКОПЈЕ 53
ОТВОРЕНО ПРВЕНСТВО НА ХРВАТСКА ВО АТЛЕТИКА 55
ТУРНИР ВО ШАХ ПО ПОВОД 13 НОЕМВРИ 56

Збор на уредникот

Ценети читатели, измина една година откако сум главен и одговорен уредник на нашето списание „Мобилност“. На почетокот од оваа за мене одговорна и напорна работа посакав да имам добра комуникација со Вас за да ми се олесни работата и би придонесле сите заедно кон подобра информираност на нашите членови. За жал, морам да констатирам дека таа моја желба за комуникација со читателите не се оствари. Не знам што е причината бројното членство и читателите многу ретко да не кажам воопшто комуницира со Уредувачкиот одбор или со главниот и одговорен уредник на „Мобилност“. Комуникацијата е неопходна заради корекција во уредувачката политика, но и заради побогата содржина и поинтересни написи во весникот. Се надевам дека во иднина ќе имаме позначајна комуникација, а на новиот главен и одговорен уредник му посакувам од наредниот број да има успешна работа и многу интересни теми за обработка, пред сè многу новини во прописите со кои ќе се подобри положбата на телесните инвалиди во општеството, како и весели и интересни настани во организација на „Мобилност Македонија“.

Во изминатите неколку месеци реализиравме бројни активности за кои, главно, сите читатели се запознаени. Во текот на октомври се одржаа традиционалните активности како што се Републичкиот квиз-натпревар на телесните инвалиди во организација на „Мобилност Македонија“ и манифестацијата „Тортијада“ во организација на „Мобилност Струмица“. На овие два настани во хотелот „Цар Самуил“ се собраа голем број наши членови и активисти кои во два дена се натпреварувааа во знаење и во вештина на изработка на убави торти. Традицијата продолжува и не се сомневам дека учесниците на квиз-натпреварот, како и секоја година, покажаа завидно ниво на знаење. Искрено да признаам се гордеам со подготвеноста и начитаноста на многу од овие натпреварувачи кои секогаш позитивно ме изненадуваат со нивото на општа култура и познавањата од многу области на науката и музиката. Да се одговорат најголемиот број на прашања подготвени од професионален организатор на квиз-натпревари е скоро невозможно и за голем број на граѓани низ државата. Со ова се докажува дека во нашите редови има лица кои се љубители на книгата и на убавата музика.

Секоја година изработените торти воодушевуваат со својот квалитет и инвентивност во дизајнот и секоја година е сè помала разликата меѓу професионално изработените торти и овие торти кои ги приготвуваат нашите членови. Некои од овие торти се вистински ремек-дела и слободно можат да се прогласат за врвни изработки со кои би се гордееле и професионалците од оваа дејност.

Додека ова го пишувам не знам кои ќе бидат победниците во квиз-натпреварот и кои изработени торти ќе бидат прогласени за најдобри, ама не се сомневам дека победниците се оние најдобрите и во оваа пригода им честитам. Во овој број ќе има написи и за двете манифестации илустрирани со слики и детален опис на текот на натпреварите.

Државата подготвува нов Закон за вработување на инвалидни лица. Ова е сосема нов законски проект. Се напушта досегашниот концепт за вработување на инвалидите и се предлага сосема нов концепт, а во предлогот се вели дека тој е во согласност со практиката во многу европски земји и земјите од опкружувањето. Како и секоја новина, па така и оваа кај нас предизвикува внимание и голема доза на внимателност и недоверба во функционалноста на новите решенија. Правната комисија на „Мобилност Македонија“ го разгледа предлогот на законот и даде свои сугестии за подобрување на

предложените законски решенија. Се надеваме дека во наредниот период во соработка со предлагачот Министерството за труд и социјална политика и во дијалог со овластените лица, а секако во соработка со ресорниот министер со кого имаме добра комуникација, ќе се изработи квалитетен Закон кој ќе ги задоволи потребите како на инвалидите така и на работодавците.

Сега повторно би сакал да се задржам на една интересна тема која во претходниот број ја обработував, ама сепак мислам дека пак ќе треба да напишам некој ред и во овој збор на уредникот за да ги поттикнам членовите на акција. Имено, во минатиот број пишував за силата на ентузијазмот кај луѓето и резултатите кои се постигнуваат со тоа. Ме радува фактот што ентузијазмот кај некои наши членови не згаснува туку напротив од ден на ден се засилува, при што видливи се и првите резултати. Како што знаете „Мобилност Битола“ има две свои дислоцирани канцеларии во општина Ресен и општина Демир Хисар. Членовите и од двете овие општини кои се под закрила на „Мобилност Битола“ се доста активни. Меѓутоа, морам да истакнам и да ги пофалам членовите и активистите од Ресен кои во последно време иницираат проекти и активности во „Мобилност Битола“.

Откако овие наши членови и активисти со донација се опремија со најнова компјутерска техника секојдневно се собираат во канцеларијата и се договараат што уште треба да се направи и да се подобри за да можат да си ги реализираат своите права и потреби. На заедничкиот состанок кој во текот на октомври се одржа во канцеларијата во Ресен, а на кој присуствувавме јас како секретар и претседателот Нико Јанков бев фасциниран од бројните идеи, активности и конкретни работи кои се прават или се планираат наскоро да се преземат. Во тек е акција за изработка на пристапни рампи пред канцеларијата, а се планира да се направат такви рампи и на повеќе јавни објекти низ градот со целосна поддршка од Градоначалникот на Општина Ресен. Исто така, започна акцијата за обележување на паркиралишта за инвалидни лица, а догодина ќе се разгледува можноста за спуштање на тротоарите. Продолжуваат и активностите околу нашиот проект „И ние сме дел од вас“, при што се планира втората фаза со која ќе бидат опфатени наставниците и професорите од основните и средните училишта.

За сите овие активности подробно ќе бидете информирани и во овој број, а во овој мој текст сакам да истакнам колку е значајно да се биде ентузијаст во работата со која сме се зафатиле да ја работиме. Тој ентузијазам дава видливи резултати, а особено ме радува фактот што од ден на ден се поголем е кругот на активисти кои не се телесни инвалиди а се вклучуваат во работата на нашите членови воодушевени од нивниот ентузијазам и истрајност во остварувањето на целите. На последниот состанок имав чест да се запознам и со еден нов активист кој се вклучил во работата на членовите од Ресен, кој инаку е општ доктор по занимање и работи како матичен доктор во околината на Ресен. Тој самиот се вклучи во активностите на телесните инвалиди и искажа готовност секогаш кога е во можност, а барем неколку пати месечно, да присуствува на состаноците на инвалидите за да им дели совети за нивното здравје, да ги прегледува доколку имаат потреба од неговите услуги и да дава и стручна и граѓанска помош при организацијата на која и да било активност спремен да го користи и својот углед во градот.

Многу би се радувал кога по овој пример би тргнале многу други здруженија особено оние канцеларии на меѓуопштинските здруженија во помалите места низ државата бидејќи се докажа дека не е важно каде живееш туку како размислуваш и колку си спремен самиот да дадеш со што ќе привлечеш и многу други активисти кои се спремни да помогнат ама чекаат иницијатива од нас и добри идеи.

За да се реализираат многу активности и да се остварат нашите заложби во наредниот период ќе треба да го извлечеме најдоброто од нас и на наредните избори догодина кога ќе ги избираме нашите раководства да ги избереме најдобрите и тој квалитет ќе донесе нови идеи и нова енергија и ентузијазам.

Иако од наредниот број „Мобилност“ ќе има нов главен и одговорен уредник јас во секое време очекувам да ми се обратат читателите на нашето списание за која било тема или напис бидејќи јас останувам и понатаму како еден од уредниците на списанието.

Митко Фидановски

ЈАВНА ДЕБАТА ПО ТЕКСТОТ НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЛИЦА СО ИНВАЛИДНОСТ

На 13.11.2014 година во Клубот на пратеници во Скопје се одржа првата јавна дебата по текстот на Предлог-Законот за вработување на лица со инвалидност. На дебатата учествуваа претставници од Националните инвалидски организации, професори од Институтот за дефектологија, како и претставници од други невладини организации.

Кон крајот на 2013 година Министерството за труд и социјална политика најави, а од почетокот на 2014 година и започна со активностите за носење на нов Закон за вработување и професионалната рехабилитација на лица со инвалидност. Во работната група при министерството беше вклучен и Бранимир Јовановски, претседател на „Мобилност Македонија“. Таа работна група одржа еден состанок на почетокот на годината и една тркалезна маса со присуство на меѓународни експерти во првата половина на годинава во просториите на министерството, а Националното координативно тело за еднакви права на лицата со инвалидност во Република Македонија одржа меѓународна конференција во Клубот на пратеници во Скопје, со присуство на меѓународни експерти од повеќе држави од регионот, на 22.5.2014 година, на тема „Законски рамки и практики за вработување на лица со инвалидност“.

Како што изјави министерот Диме Спасов, во летниот период тој со своите соработници од министерството биле во работна посета во Хрватска, Словенија, Србија, Австрија, Турција и Бугарија, и согласно со собраните искуства подготвен е текстот на новиот Закон за вработување на лица со инвалидност, кој во втората половина на септември го добија на разгледување националните инвалидски организации и други субјекти. „Мобилност Македонија“, како национален сојуз, го разгледа текстот на законот и даде свои забелешки и сугестии во повеќе членови од Законот од кои три беа прифатени и имплементирани во новиот текст кој беше ставен на јавна дебата.

Јавната дебата ја раководеше министерот за труд и социјална политика, Диме Спасов, во соработка со своите соработници од министерството, а на расправата присуствуваа професори од Правниот факултет во Скопје, од Институтот за дефектологија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, претставници на националните инвалидски организации и претставници на други здруженија.

По претставувањето на Законот од страна на министерот Диме Спасов, и по првичното излагање од страна на професорот по социјално право од Правниот факултет во Скопје, проф. д-р Лазар Јовевски, кој ги пофали законските решенија компарирајќи ги со меѓународната легислатива и важечките резолуции и конвенции, по кое следеше кусото излагање на претседателот на Националниот сојуз на глувите, Васко Марков, кој исто така го пофали текстот на законот, збор зеде и детално дискутираше по одредбите на Законот за кои сметаме дека треба да се коригираат и додефинираат, претседателот на „Мобилност Македонија“, Бранимир Јовановски:

„Најнапред сакам да истакнам дека ако се било добро во однос на вработувањето на лицата со инвалидност во Република Македонија во минатото, доколку јавната свест била подигната на високо ниво, немаше во 2000 година да се ангажираме да се донесе Закон за вработување на лица со инвалидност кој, со сите свои добри страни и мани, и со многуте измени и дополненија кои ги имаше во изминатиот период, е на сила и денес и согласно со неговите одредби околу 3.000 лица со инва-

лидност добија вработување. „Мобилност Македонија“ поддржува дел од новините во текстот на новиот Закон, особено воведување на квотниот систем за вработување на лица со инвалидност и професионалната рехабилитација и работно оспособување на лицата со инвалидност, меѓутоа треба да се направи внимателна и реална, издржана анализа, дали новината квотен систем, со која фирмите од најмалку 35 вработени ќе имаат обврска да вработат едно лице со инвалидност, а поголемите фирми од 2% до 6% од вработените, ќе можат евентуално да ги примат на работа лицата со инвалидност на кои ќе им престане работниот однос со евентуалното згаснување на заштитните трговски друштва. Да не добиеме Пирова победа од која лицата со инвалидност ќе имаат повеќе штета отколку корист. Ова пред сè од причина што фирмите над 35 вработени, согласно со одредбите од Законот може да се одлучат наместо да примат на работа лице со инвалидност, да уплатат во Посебниот фонд средства во месечен износ од една бруто минимална плата (околу 13.000,00 денари). На ова бевме предупредени и на меѓународната конференција во организација на Националното координативно тело, на која на пример експертите од Австрија, истакнаа дека во нивната држава 35% од фирмите вработиле лица со инвалидност, а 65% од оние кои имаат обврска за вработување сепак се одлучиле да платат пенали и да уплатуваат средства во Посебниот фонд. Нам, во борбата за заштита на правата и подобрувањето на положбата на лицата со инвалидност во Република Македонија, не ни е потребен Посебен фонд полн со пари, туку вработување и економска сигурност на лицата со инвалидност.

Конкретно по членовите на Законот предложив:

– во членот 6, точка 6 да се додаде дека лицето со инвалидност е дожно да прифати вработување, согласно со професионалните способности, и во согласност со преостанатата работна способност. На пример, може да е професионално оспособено за одредена дејност, ама поради инвалидитетот да е спречено да работи работни задачи кои се поврзани со стоење и одење. (Оваа забелешка беше прифатена од министерот).

– во член 7, каде што е опишан квотниот систем, во точката 2 да се впише дефиницијата од член 15, став 1 (најмалку од половината на вработените се лица со утврдена инвалидност во смисла на член 2, став 1 од овој Закон). Токму во член 2, став 1 се опишани телесните инвалиди, слепите, глувите и интелектуално попречените, а во став 2 од член 2 се опишани трудовите инвалиди. Имено, да не ни се случи „замка“ фирмите, од редот на своите веќе вработени лица, да ги упатат на инвалидска комисија за да им издадат решенија за намалена работна способност, па со тоа истите да ги трансформираат внатрешно, да ја задоволат обврската од квотниот систем, а воопшто и да нема нови вработувања. Вака се случи со квотниот систем во осумдесетите години на минатиот век кога всушност немаше нови вработувања при пополнување на квотниот систем тогаш, туку само прераспределување на веќе вработените заболени на органски системи работници од еден во друг погон. (Оваа забелешка беше прифатена од министерот).

– во член 7, точка 3 стои дека максимален број на лица со инвалидност по квотниот систем кои големите фирми ќе имаат обврска да ги вработат се лимитира на максимални 20. Реагирав дека оваа бројка не треба да се

лимитира, туку да е производ на математичка операција во однос на утврдениот процент. (За оваа забелешка министерот не се изјасни).

– во член 7, точка 4 се наведени активности кои ако ги презеде работодавецот ќе се смета дека го исполнил квотниот долг, меѓу кои и доколку има договор со лице со инвалидност чиешто редовно образование го стипендира работодавецот. Истакнав дека ова може да биде „дупка во законот“ и негативно да се манифестира во однос на вработувањето на лицата со инвалиднст, односно работодавецот да најде лице со инвалидност кое ќе го стипендира со 2.000-3.000 денари месечно и ќе ја избегне обврската од уплата на 13.000 денари за невработено лице со инвалидност. Висината на стипендијата мора да се изедначи со платениот надоместок за да има смисла оваа точка од членот. (Оваа забелешка беше прифатена од министерот и стипендирањето ќе биде врзано со стипендирање на средства во висина од една бруто минимална месечна плата во Република Македонија).

– во член 9, точка 2 претходно беше утврдено работодавецот за секое невработено лице со инвалидност кое не го вработил а има обврска за тоа, да уплати 70% од

минималната месечна бруто-плата. „Мобилност Македонија“ предложи тоа да биде најмалку една плата што беше прифатено и веќе е дел од текстот на законот (пеналот значи е поголем од 13.000 денари, па работодавецот ќе размисли дали ќе прими лице кое ќе му работи и ќе сработи нешто, или ќе ги „фрли“ парите во Посебниот фонд).

– во член 9, точка 3 со претходната реакција на „Мобилност Македонија“ барав исплатата на паричниот надоместок за невработено лице со инвалидност за кое работодавецот има обврска да го вработи согласно со квотниот систем да се уплатува во Посебниот фонд истовремено со исплата на месечна плата на вработените за тековниот месец. Оваа наша забелешка е прифатена и веќе е дел на текстот на Законот.

– во член 10 да се предвиди одредбите за бенефициите од вработување на лицата со инвалидност да важат и за лекари, адвокати, нотари... односно за занимања кои не се регистрирани според Законот за трговски друштва. Добивме одговор дека овие занимања се опфатени во алинеја 4 од овој член каде стои: „вршење на професионална дејност“.

– во член 15, точка 1 реагирав да се намали бројот на вработените во заштитните трговски друштва од минимално 10 на минимално 5 од кои 40% да бидат лица со инвалидност, или само да се задоволи условот од 40% да се лица со инвалидност, без ограничување на минималниот број на вработени. (За оваа забелешка министерот не се изјасни).

– во член 16, точка 4 настојував да се најде сигурен механизам на редовно враќање на придонесите на работодавците за исплатена плата, бидејќи сега доцнат и по седум месеци. Министерот истакна дека се работи на подобрување на системот, меѓутоа сега со оглед на тоа што се плаќаат и придонесите на здравите вработени во заштитните трговски друштва, се јавува голем недостаток на средства во Буџетот за оваа намена, а од друга страна, според зборовите на министерот, заштитните трговски друштва работат профитабилно и можат и треба самите да си го плаќаат овој дел од обврските.

– во член 18, точка 7 стои дека неискористените средства од Посебниот фонд може да се користат за вработување на лица во социјален ризик по претходна одлука на Владата на Република Македонија. Ова решение е неприфатливо за нас, сметаме дека овие средства треба да се користат исклучиво за намената за која се акумулираат, а тоа е вработување, обезбедување на

услови за вработување и разни форми на поддршка и професионална рехабилитација за вработување и тоа исклучиво на лицата со инвалидност.

– во член 19 каде што се опишуваат средствата кои од Посебниот фонд ќе се доделуваат за вработување и за адаптација на работното место за лицата со инвалидност износите да бидат изразени во евра, а не во денари, бидејќи една девалвација (доколку се изразени во денари) може да го сруши системот, а од друга страна, казнените одредби во Законот се изразени во евра. Оваа сугестија начелно беше прифатена од страна на министерот. За адаптација на работно место се добива сума до 200.000 денари. Сметам дека овој износ не треба да се ограничува, туку комисијата да го утврди реалниот износ за адаптација, а на работодавецот веднаш да му се исплатат средства од Посебниот фонд (не по извршена адаптација како што стои во сегашното решение во текстот). Подоцна комисијата да изврши контрола и доколку не е постапено согласно со законот, и средствата не се искористени наменски, да го казни ригорозно работодавецот. И оваа сугестија беше прифатена од министерот. Потоа во точката 4 од истиот член да се направи градација на доделување на средства согласно со тежина на инвалидитет и стручна подготовка на лицата со инвалидност. Ова остана работната група да го размисли, а воедно министерот истакна дека на неповратните 5000 евра кои се предвидени како поддршка за самовработување на лицето со инвалидност, ќе му се дозволи да прими и други (здрави или инвалидни) лица во фирмата, а ако се здружи во работењето со други лица со инвалидност да добие и за нив по 2000 евра, до максимално 15.000 евра (самовработеното лице и уште пет инвалидни лица, на пример). Остана овој предлог да се доработи од страна на службата при министерството.

– во член 20, точка 3 се опишува дека државата ќе рефундира придонеси за вработување на лице со инвалидност до една просечна месечна плата, а доколку платата е поголема, работодавецот да ја уплати разликата за придонеси од сопствени средства. Приговорив дека оваа одредба не е прифатлива за нас бидејќи ги стимулира работодавците да им исплатуваат на лицата со инвалидност пониски плати. Меѓу телесните инвалиди денес имаме многу лица со завршено високо образование, магистри, дури некои се и на докторски студии, и реално е истите да имаат поголема плата од просечната, а со оваа одредба ќе бидат казнети токму нашите членови со високо образование. Министерот ја прифати оваа сугестија со додавка дека за лицата со инвалидност со најмалку високо образование, ослободувањето ќе изнесува до две просечни плати, а за останатите во висина на една просечна месечна плата во Република Македонија.

– нашата заложба и здравите лица во заштитните трговски друштва да бидат ослободени од придонеси од месечна плата беше категорички одбиена од министерот и се кажа, како што стои во законот, дека таа привилегија заштитните трговски друштва ќе ја имаат до 01.10.2016 година“.

Останува да видиме колку од овие ветувања и прифатени сугестии на јавната дебата ќе бидат впишани во новиот текст на Законот за вработување на лица со инвалидност. „Мобилност Македонија“ искрено верува дека сите решенија прифатени од страна на министерот за време на дебатата ќе бидат составен дел на новиот текст на Законот, а „Мобилност Македонија“ и понатаму останува активна во процесот на подобрување на текстот на Законот.

Законот би требало да се донесе до крајот на годината и да важи од 01.01.2015 година. Само некои одредби од истиот ќе имаат продолжена примена од 01.10.2016 година.

И сосема за крај, „Мобилност Македонија“ серозно и со полна енергија и внимание дејствува на подобрување на текстовите на законите (на оние до чии текстови ќе дојдеме во фаза на носење, што не беше случај со Законот за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита чии одредби за врзување на надоместоците се врзани со приходи на примателот на надоместоците ги оспоривме на Уставен суд). Искрено го почитуваме залагањето на Министерството за труд и социјална политика за заемна комуникација за подобрување на одредбите од законите и секогаш ќе бидеме во улога на заштитници и промотери на правата на лицата со телесен инвалидитет, меѓутоа треба да сме свесни дека законите во најголема мера ги предлага Владата на Република Македонија, а ги донесуваат пратениците во Собранието, каде што всушност законите во амандманска расправа и ја добиваат конечната верзија. Ние остануваме посветени во работењето.

Б.Јовановски

ПРАВИЛНИК ЗА КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ; СОЦИЈАЛНО И МЕДИЦИНСКИ ФУНКЦИОНАЛЕН ИЛИ НЕШТО ПОМЕЃУ?

Со логистичка поддршка на канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје, Министерството за труд и социјална политика во соработка со Министерството за образование и наука и Министерството за здравство, како и начелна поддршка од Министерството за локална самоуправа и Министерството за финансии, во периодот од 8.10.2014 до 14.10.2014 година, ја отвори серијата на јавни расправи за во почетокот на ноември да се усвои Правилникот како што беше генерално замислен од еден од експертите на Европската Унија, со потесна специјалност во инклузија на лицата со инвалидност во областа на образованието. Овој пат екипата на Министерството за труд и социјална политика, на чело со заменик-министерот Енвер Усеин, кој ја отвори расправата и ги поздрави присутните, модераторот Душан Томшиќ, зајакнати со експертот од Европската Унија, д-р Бертранд Демулен и двоецот од работната група, д-р Иван Двојаков и д-р Мери Бошкова ги изнесоа основните поставки и предности на новиот начин на категоризација кој ќе стапи на сила по една година подготовка и приспособување.

Отворањето на расправата беше во стилот дека не се сите јавно поканети и дека разбрале, но процесот започна. Во расправата учествуваа повеќе здруженија на граѓани како што се: Здружение за цистична фиброза (Драгољуб Димов), деца дијабетичари од Демир Хисар (Билјана Солунчевска), здружението „Отворете ги прозорците“ (Александра), Министерство за образование, модел на тестирање со ТАЕК-инструмент (Надица Поповска), Институтот за дефектологија, Здружение на хемофиличари и други коагулопатии, Јасна Малиќ од здружението „Дајте ни крилја“, училишни дефектолози (Лидија), Александар Петровски од здружение на хормонални заболувања, Ида Манго од здружение на Даунов синдром и многу други.

Во Битола се повтори истата слика со уште поголема дискусија и учество на бројни наставници, психолози, педагози, социјални работници и доктори. Во дискусиите акцентот беше ставен на повеќе аспекти од кои можат да се споменат неколку: на Сашо Кочанковски, Александра Бискова, Sала Бојковска, Светлана Стефановска, прим. д-р Нико Јанков, Владимир Стојановски, Светлана Томеска-Мијалковиќ, Марија Мицевска, м-р Анета Спировска, претставници на специјалното училиште, дефектолози на чело со директорот Илија и др., па се заокружи мислењето дека најголемиот дел од Правилникот акцент става во областа на образованието, нема компаративна и искуствена забелешка од примената во развиените земји (тешки последици во Италија), непостоење на тимови за поддршка на целата територија на државата, институционалното и вонинституционалното сместување, непостоење на финансиска конструкција и законско покривање потврдено од претставник на Министерството за финансии и мислење дека треба да се одложи брзото усвојување на новиот модел по секоја цена. Од овие дискусии беше јасно дека списокот на добри желби стои на нестабилна основа, но скепсата дека нејзиното вистинско функционирање во практиката ќе биде обременето со многуте недостатоци кои и сега се присутни во овој модел. За компаративната скица – нацрт-план, или како милувате да го наречеме, претставникот на работната група и на покровителот од УНИЦЕФ, Биљана Лавуровска искажа мислење дека тоа е само работна верзија и дека допрва ќе се средува со предложените размислувања.

Во краен случај, од расправата и дискусиите на многуте учесници се согледува дека можат да се истакнат неколку значајни моменти од учесниците кои ги застапуваа инвалидските организации и Националното координативно тело (НКТ), како и од сферата на дефектологијата, специјалните училишта и бројни граѓански здруженија:

1. Како предлагач, Министерството за труд и социјална политика пред јавната расправа не ги понуди предностите на апликативноста на моделот кај развиените земји (негативно од Италија – премолчено);

2. Не понуди силна интерсекторска соработка со Министерството за образование, Министерството за здравство, Министерството за локална самоуправа, државните и локалните институции со потврда од овластени претставници;

3. Нема компаративна анализа на стар модел кај нас со нов. Објаснување за таканаречена самостојност на комисии со постојани и повремени членови, јасно дефинирано седиште, трошоци за сместување, компјутери, складирање на податоци, техничко лице, телефон, писма итн., како со родител и лице од доверба, како со надворешни соработници (сегашниот модел е со наредба на

директорот на установата и јасно дефинирани правила). Која е природната и оваа неприродна сега? Евиденција има, но некој треба овластено да ја користи. Кој ќе ја користи, кога и како? Како државата ќе има евиденција и т.н. времетраење е дискутабилно, а комуникацијата сега некако ја има, а од каде и како ќе се договори е идно неопределено време итн.;

4. Дали времето на транзиција од година дена ќе биде доволно и дали чинењето на категоризацијата ќе се заглави во бирократските лавиринти?;

5. Професионален ангажман на независно стручно тело со придружни членови, без заменици, со јасно дефинирани обврски и овластувања, но и одговорност;

6. Формуларите унифицирани, да, но ако се бориме за индивидуализација ќе исчезнат прекрасните описи и ќе се сведе на 0, 1 и 2;

7. Кој е контролор на севкупната работа, добра, посредна или лоша и која е причината;

8. Отпор на сите учесници во процесот: родител, институции, средина итн.;

9. Финансиска конструкција во зародиш, а за старата никој не знае, а дава пари?;

10. Дали инклузијата со категоризација е по секоја цена?;

11. Квалитетот на категоризацијата, ако целиме кон подобро и поквалитетно согледување на лошите страни, а не слепо да ги прифатиме сервираните планови;

12. Не мора по секоја цена да се усвои, па потоа да имаме безбројни изменувања и дополнувања и малку да размислиме за нашата народна мудрост: „Нов бунар копај, во стариот не плукај“.

Се разбира дека мислења и размислувања имаше и ќе има и понатаму. Но ние не сме тие што се одговорни, ниту тие што носат одлуки. Ќе работиме и ќе предлагаме сè што ќе покажува и добри и лоши резултати, а секако сме и на првата линија со реалните проблеми во базата.

прим. д-р *Нико Јанков*

РАБОТНА СРЕДБА СО ДИРЕКТОРКАТА НА ФЗОМ М-Р МАЈА ПАРНАРЏИЕВА ЗМЕЈКОВА

На 27.11.2014 година во просториите на Мобилност Македонија во присуство на претседателот Бранимир Јовановски и генералниот секретар Софка Прчева, по вторпат годинава се одржа работна средба со директорот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, М-р Маја Парнарџиева Змејкова. Поред директорката, на средбата од страна на фондот присуствуваа и: советникот на директорот, г-дин Бранко Аџигогов, шефицата на кабинетот, Лујза Јакимовска, главниот внатрешен ревизор (и наш член) Љупчо Шемкоски и републичкиот контролор во примарната здравствена заштита Љубинка Анастасова.

Директорката на ФЗОМ ја промовираше услугата која наскоро се очекува да биде донесена и впишана во Правилникот, а која се однесува на корисниците на инвалидски колички. Имено, лицата од 7-26 годишна возраст, како и лицата над 65 годишна возраст кои имаат право на инвалидска количка на терет на фондот ќе бидат во можност да направат избор, кога ќе им дојде времето за замена на инвалидската количка, дали ќе земат на терет на фондот друга инвалидска собна количка, или ќе се одлучат да земат електромоторен скутер и тоалетна количка. Заради лимитираниот буџет на фондот, сега за сега со оваа услуга не може да биде опфатена и останатата популација од 27-65 години. Овдека е важно да се напомене

дека за популацијата од 7-26 годишна возраст обврската да бидат во редовно школување или редовен работен однос ќе биде избришана. За да нема забуна, со оваа измена не се работи за правото на електромоторна количка која се управува со џојстик и ја користат нашите членови кои со сопствена сила на рацете не можат да движат собна количка (тетраплегиии), тоа право не се менува и останува како и до сега, туку за лицата кои во секојдневниот живот користат нормална собна количка (параплегии). Оваа право и избор би се однесувало за нив.

Во однос на измените на Правилникот за специфична медицинска рехабилитација, во кој со последната измена се додадени дијагнозите мултиплекс склероза и церебрална парализа, а истиот не ги опфаќа лицата заболени од детска парализа, беше договорено да побараме стручно мислење од експерти за индикациите за специфична медицинска рехабилитација за нашите членови кои имаат дијагноза детска парализа. По добивањето на стручното мислење, ФЗОМ ќе се изјасни и доколку се оцени потребата, дијагнозата ќе биде впишана во Правилникот. Исто така го покренавме и прашањето за утврдување потреба од признавање на придружник за лицата на кои ќе им биде одобрено користење на специфична медицинска рехабилитација, а во секојдневниот живот потполно се зависни од друго лице (заради хранење, облекување, обаавување на физиолошки потреби и сл.).

Во дискусијата ги актуелизиравме и нерешените наши претходни барања, во однос на определување на стандард на ортопедските помагала, договор со ортопедски куќи за изработка на чевли над 7цм скратување, намалување на рокови и можност за доплата над референтна цена при набавка на ортопедски помагала.

Директорката истакна дека малку се доцни со изработка на листа на стандарди на одделни ортопедски помагала, а аналогно на тоа и со А и Б листата на ортопедски помагала. Колку за потсетување, на А листата ќе се наоѓаат ортопедски помагала кои целосно ќе бидат на терет на фондот, додека Б листата ќе ги содржи ортопедските помагала кои осигуреникот ќе може да ги набави со доплата над референтна цена. Што се однесува до чевлите, голем проблем е референтната цена на овој вид на ортопедско помагало од референтната земја Србија, каде е исклучително ефтино и го обврзува фондот да ја користи таа референтна цена. Фондот смета дека ортопедските куќи треба да ја намалат цената во понудата за изработка на овој вид чевли за да се реши оваа прашање.

На крај од разговорот беше договорено Мобилност Македонија во консултација со своето членство да изготви прашалник за сите нејаснотии околу правото на набавка на ортопедски помагала, роковите, поправките и се она што може да претставува било каква нејасноција, а фондот преку своите служби во најскоро време да одговори на истите, бидејќи членовите може и не се запознаени какви се права имаат или пак наидуваат на некомплетни информации и одговори во подрачните единици низ градовите. Исто така директорката истакна дека веќе втора година на влезните врати на сите подрачни единици се наоѓа ѕвонче кое треба да го користат сите осигуреници кои од било кои причини не можат да дојдат до канцелариите и шалтерските служби кои се сместени на спрат. На повикот од ѕвончето задолжително ќе одговори некој од службата на фондот и ќе му ја заврши комплетно услугата на осигуреникот. Беше договорено службата на Мобилност Македонија почесто да комуницира со службите на ФЗОМ за прашања од интерес на лицата со телесен инвалидитет.

Б.Јовановски

ОДБЕЛЕЖАН 3 ДЕКЕМВРИ – МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ

„Мобилност Македонија“ го одбележа 3 декември – Меѓународниот ден на лицата со инвалидност, во рамките на одбележувањето што оваа година за прв пат се случи во заедничка организација меѓу Националниот совет на инвалидските организации на Македонија (НСИОМ) и Филозофскиот факултет.

Во свечената сала на Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на одбележувањето, на кое модератор и еден од презентерите беше претседателот на „Мобилност Македонија“, Бранимир Јовановски, присуствуваа: Диме Спасов, министер за труд и социјална политика, проф. д-р Велимир Стојковски,

ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, проф. д-р Горан Ајдински, декан на Филозофски факултет, проф. д-р Зора Јачова, раководител на Институтот за дефектологија, Дејан Ѓорѓиевски, претседател на НСИОМ, претседатели на националните инвалидски организации членки на НСИОМ, професори, советници, директори на посебните училишта и специјални заводи за рехабилитација, стручните соработници во националните инвалидски организации, претставници од други институции и организации и студенти.

На присутните најнапред им се обрати Бранимир Јовановски истакнувајќи дека, од 1993 година и денес, одбележувањето на 3 декември – Меѓународниот ден на лицата со инвалидност има цел да го промовира разбирањето на полето на инвалидноста и да ја мобилизира поддршката за достоинството, правата и благосостојбата на лицата со инвалидност. Низ целиот свет лицата со инвалидитет, не само што се соочуваат со физички бариери, туку истовремено се соочуваат и со социјални, економски и бариери на ставовите. Одбележувањето има цел и да ја зголеми свеста за придобивките кои ќе произлезат од интеграцијата на лицата со инвалидност во секој аспект на политичкиот, социјалниот, економскиот и културниот живот.

Министерот за труд и социјална политика, Диме Спасов, ги афирмираше активностите што Министерството за труд и социјална политика ги презело и ги презема за подобрување на правата и положбата на лицата со инвалидност во Република Македонија, надоместоците, пристапноста, зајакнатата комуникација, а посебен акцент стави на Законот за вработување на лица со инвалидност кој со своите новитети квотниот систем и професионалната рехабилитација, според проценка на министерството треба да отвори повеќе од 5.000 работни места за лицата со инвалидност.

Ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, проф. д-р Велимир Стојковски и деканот на Филозоф-

ски факултет, проф. д-р Горан Ајдински говореа за важноста на овој ден со историски осврт, како и за значењето на процесот на инклузија и поддршка на лицата со инвалидност во сите пори на општеството. Покрај бенефитите и преземените мерки за пристапност до високото образование, ја истакнаа улогата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и Институтот за дефектологија во овозможувањето на лицата со инвалидност да се стекнат со високо образование и со самото тоа да станат поконкурентни на пазарот на трудот.

Во продолжение на програмата, проф. д-р Зора Јачова, раководител на Институтот за дефектологија го промовираше Зборникот на трудови од четвртата меѓународна конференција одржана во Охрид од 17.10.2014 до 19.10.2014 година под наслов „Современи аспекти на специјалната едукација и рехабилитација на лица со инвалидност“.

Проф. д-р Љупчо Ајдински ги додели наградите од Фондацијата „Професор д-р Љупчо Ајдински“ во четири категории: за најдобар студент на генерацијата 2009/2010 година, за највисок успех од поени за упис на Институтот за дефектологија, за постигнати најдобри резултати во заштитата, образованието, рехабилитацијата и општественото афирмирање на лицата со инвалидност, како и за постигнати врвни научно-истражувачки резултати во областа на дефектологијата и социјалната заштита.

Националниот совет на инвалидските организации на Македонија оваа година донесе одлука плакетата „3 Декември“ да му ја врачи постхумно на Миодраг Игњатовиќ, прв и долгогодишен претседател на „Мобилност Македонија“ за неговите заслуги за подобрување на правата на лицата со инвалидност во Република Македонија. Претседателот на НСИОМ, Дејан Ѓорѓиевски, му ја врачи плакетата „3 Декември“ на братот на покојниот Миодраг Игњатовиќ, Бранко Игњатовиќ.

По кафе-паузата, започна работата на тркалезната маса на тема „Статусот на лицата со инвалидност во Република Македонија“. Во овој дел, со свои презентации излагаа: Бранимир Јовановски на тема „Одржлив развој: Ветување на технологијата“, проф. д-р Зора Јачова на тема „Креирање на инклузивната култура во Република Македонија“ и Дејан Ѓорѓиевски на тема „Осврт на законската регулатива за лицата со инвалидност во Република Македонија“.

Одбележување достојно за почит остана зад нас. Пред нас започна нова година во која претстојат нови предизвици како за нашите организации, па така и за институциите на државата во однос на имплементација на мерките пропишани во Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност која од 05.12.2011 година е составен дел на нашето законодавство. Да се потрудиме следното одбележување да има поголем одек во јавноста со промоција на повеќе права и подобар живот за лицата со инвалидност во нашата држава.

Б.Јовановски

ОДБЕЛЕЖАН 4 ДЕКЕМВРИ – ДЕН НА ЛИЦАТА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА

Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија „Мобилност Македонија“ на 4.12.2014 година во ресторанот „Арена“ во Тетово со пригодна програма го одбележа 4 декември – Денот на лицата со

телесен инвалидитет на Македонија. Оваа година, кога одбележуваме 28 години успешна работа на Мобилност Македонија, домаќин на манифестацијата беше „Мобилност Тетово“ кои вложија навистина голем напор за да обезбедат максимални технички услови и одлична културно-забавна програма со што придонесоа за збогатување на содржината на манифестацијата.

На одбележувањето учествуваа 155 членови на „Мобилност Македонија“ од сите 17 здружени членки, како и гости меѓу кои: Светлана Карапетрова – пратеничка во Собранието на Република Македонија од Тетово, Гзим Зејнели – претставник од Општина Тетово, Сади Бецети – поранешен градоначалник на Тетово, Жарко Селковски – претседател на Националниот сојуз на слепи на Република Македонија, Горан Чаловски – директор на Центарот за ортотика и протетика „Славеј“ од Скопје, претставници на „Медикус хелп“, други здруженија и организации.

Најнапред присутните членови и гости ги поздрави Велибор Јакимовски – претседател на „Мобилност Тетово“, потоа пратеничката Светлана Карапетрова, претставникот на општината Гзим Зејнели, а манифестацијата ја отвори претседателот на „Мобилност Македонија“, Бранимир Јовановски.

На почетокот на манифестацијата за одбележување на Денот на лицата со телесен инвалидитет на Македонија, од страна на Ивона Нацевска – ученик на ДМУ „Тодор Скалоски-Тетоец“ беше интонирана химната на Република Македонија, а понатаму успешен настап, многу внимание и спонтани аплаузи добија членовите на КУД „Брвеница“ од Брвеница – Тетово кои настапија со сплетот „Водарки“ и песната „Ој невесте“, како и КУД „Ѓевадин Зеќири“ од Тетово.

Во работниот дел на манифестацијата, претседателот на „Мобилност Македонија“ најнапред им се заблагодари на пратеничката и на претставникот од локалната самоуправа за присуството, кое е од големо значење за нашиот сојуз бидејќи ќе можат изворно да се запознаат со барањата и потребите на лицата со телесен инвалидитет, а потоа пред присутните презентираше ретроспектива на преземените активности на „Мобилност Македонија“ во 2014 година за подобрување на правата и положбата на лицата со телесен инвалидитет во Маке-

донија. Во својот говор особено се задржа на процесот на носењето на Законот за вработување на инвалиди кој до сега имаше две јавни дебати на кои ние ги презентиравме нашите забелешки, предлози и сугестии, и чие донесување се очекува во најскоро време, потоа на барањето за враќање на правото на набавка на моторни возила со рефундација на ДДВ, акцизи и царина, измените и дополненијата на Законот за градење и на Правилникот за начинот на обезбедување на непречен пристап, движење (хоризонтално и вертикално), престој и работа на лицата со инвалидност до и во градбите со јавна, деловна, станбена и градби со станбено-деловна намена.

Во делот на дискусијата, за збор се јави Владимир Дојчиновски од Скопје, истакнувајќи ги негативните одредби од Законот за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита во однос на врзувањето на правото на надоместок за нега и помош од друго лице и на надоместокот

за мобилност со приходите на корисникот. Тој, а и дел од другите членови на „Мобилност Македонија“ директно се засегнати со овие измени кои се неповолни за нашите членови. Прашањето и го постави на пратеничката Светлана Карапетрова, која одговори дека ќе иницира јавна дебата со министерот Диме Спасов и заинтересираните членови и здруженија за на најдобар можен начин да се реши ова, можеби избрзано законско решение. Претседателот на „Мобилност Македонија“ додаде дека нашиот сојуз ја оспори уставноста на овие одредби пред Уставниот суд на Македонија бидејќи ги става граѓаните во нерамноправна положба пред законот поради нивната имотна состојба, што пак е спротивно на член 9 од Уставот на Република Македонија, како и законитоста пред Народниот правобранител барајќи да покрене иницијатива за укинување на оспорените одредби од овој закон како спротивни на Уставот и дискриминаторски за дел од нашите членови и привремено да ја стопира примената на оспорените одредби од законот, за да се избегнат штетни последици од истиот. „Мобилност Македонија“ е во постојана комуникација со министерот за труд и социјална политика, Диме Спасов, од кого е најавено носење на потполно нов Закон за социјална заштита во текот на идната година, така што ќе имаме можност да дејствуваме и да предложиме да се укине оваа негативна одредба во новиот текст на Законот за социјална заштита, или доколку се одложи неговото носење, да се покрене јавна дебата и да се донесе нов Закон за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита со кој ќе се укинат оспорените одредби од Законот, бидејќи со ваквото решение од законот кое е во сила, некои од лицата со инвалидност, поради својата имотна положба, не се во можност да ги користат овие додатоци кои служат за поддршка и компензација на трошоците кои ги предизвикува тежината на инвалидитетот.

По завршувањето на работниот дел од манифестацијата организаторот приреди скромен ручек за учесниците при што нашите членови имаа дополнителна можност за непосредно дружење и размена на искуства.

Б.Јовановски

XX МУЗИЧКИ ФЕСТИВАЛ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА

Националниот сојуз на лицата со телесен инвалидитет на Македонија „Мобилност Македонија“ годинава го одржа јубилејниот дваесетти по ред музички фестивал на лицата со телесен инвалидитет на Македонија. Осумнаесет од досегашните деветнаесет изданија се

одржаа во хотелот „Цар Самуил“ во Банско, Струмица. „Мобилност Македонија“, по примерот на музичкиот фестивал во Поморје, Бугарија, одлучи јубилејниот дваесетти по ред музички фестивал во Македонија да го одржи на отворена сцена.

По долгите преговори и подадената рака од страна на координаторот на „Струмица опен фестивал 2014“, Петар Божинов, како и на градот Струмица, на 11.8.2014 година во 20.00 часот на градскиот плоштад во Струмица одекнаа првите звуци на КУД „Феникс“ кој сите овие години беше неразделен од интерпретаторите на убавата македонска народна песна.

Покрај организаторите од „Мобилност Македонија“, на фестивалот присуствуваше и градоначалникот на општина Струмица, Зоран Заев во придружба на својата сопруга, како и поголем број на советници и соработници од општината. Водител на манифестацијата, исто како и во изминатите години, беше ненадминливиот, шармантен и инспиративен водител, текстописец и новинар од Струмица, Ѓорѓи Калајџиев.

Оваа година на музичката сцена продефилираа 12 интерпретатори од пет здруженија, членки на „Мобилност Македонија“, и тоа:

Од „Мобилност Скопје“

– Зорица Гочевска **„Тргнало ми лудо младо“**

– Христина Просковска **„Твоите очи Лено мори“**

– Гоце Миновски **„Ти само ти“**

– Соња Ѓорѓиевска **„Мори чупи Костурчанки“**

Од „Мобилност Прилеп“

– Ѓорѓи Здравески **„Нели ти стига“**

– Ристо Спирковски **„Каде одиш лудо бре“**

– Илија Стојаноски **„Ја излези стара мајко“**

– Стеван Ангелески **„Жал за Деспина“**

– Влатко Најдоски **„Од умот се подизгубив“**

Од „Мобилност Битола“

– Томче Најдовски **„Русе ле моме убаво“**

Од „Мобилност Кавадарци“

– Трајче Лазаров **„Мајка на Марика думаше“**

Од „Мобилност Радовиш“

– Петре Јованов **„Јоване море Јоване“**

Како се редеа интерпретаторите еден по друг, така се зголемуваше и бројот на посетители кои спонтано се собираа околу сцената, а по наша слободна процена беа повеќе од петстотини. Одлично, со оглед на тоа што ова ни е прв фестивал на отворена сцена и прво такво искуство. Публиката постојано аплаудираше, ги поддржуваше натпреварувачите, пееше со нив, дури и повеќепати се фати на оро... Прекрасна глетка и доживување за сите присутни. Повеќе наши здруженија исто така испратија свои претставници кои го следеа фестивалот како публика.

Времето помина бргу и откако беа изведени сите нумери, жири-комисијата ги прогласи победниците. Интерпретаторите на првопласираните три нумери добија плакети од „Мобилност Македонија“. Плакетите на победниците им ги врачи градоначалникот на општина Струмица, Зоран Заев.

Првото место според гласовите на стручното жири го освои Христина Просковска од Скопје со интерпретацијата на песната „Твоите очи Лено мори“, второто место го освои Томче Најдовски од Битола со интерпретацијата на песната „Русе ле моме убаво“, додека третото место го освои Гоце Миновски од Скопје со интерпретацијата на песната „Ти само ти“.

Истиот ден, неколку часа порано, на отворената сцена „Мал парк“ се одржа промоција на книгата „Ме кани светлината“ од нашиот член Роза Мојсовска.

„Мобилност Македонија“ по ова прво и мошне позитивно искуство, дефинитивно донесе одлука сите натамошни музички фестивали да ги одржува под отворено небо, на отворена сцена. Тоа и ни доликува, бидејќи само небото може да биде граница за амбициите и креативноста на „Мобилност Македонија“ и нејзините членови.

Б.Јовановски

ТЕМАТСКА РАБОТИЛНИЦА ВО КИЧЕВО

„Мобилност Кичево“ на 18 октомври 2014 година во хотелот „Кичево“ ја организираше тематската работилница под покровителство на „Мобилност Македонија“ на тема мултиплекс склероза и церебрална парализа. Организаторот покани по три претставници од здру-

женијата членки на „Мобилност Македонија“ да земат учество на работилницата.

Тематската работилница ја отвори претседателот на „Мобилност Кичево“, Бобан Јордановски, а по поздравниот говор од претседателот на „Мобилност Македонија“ најнапред на темата „Мултиплекс склероза“ свое излагање имаше прим. д-р Мирче Лазарески од Кичево. Во продолжение темата „Новите методи на физикалната терапија кај лицата со телесен инвалидитет“ ја презентираше Јованка Мисајлеска, претставничка од Центарот

за физикална терапија „Релакс“ од Кичево. На крај од работниот дел, на присутните им се обрати специјалист интернист-пулмолог д-р Елена Попоска презентирајќи ја темата „Кардиоваскуларни проблеми кај лицата со телесен инвалидитет“ (кај лица со мултипла склероза и церебрална парализа).

Присутните членови зедоа активно учество во работата на тематската работилница поставувајќи бројни прашања кои иницираа бројни одговори од стручните лица, презентери на работилницата.

Уште една успешно организирана тематска работилница.

Б.Јовановски

VIII МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА ВО САНСКИ МОСТ, БИХ

„Мобилност Македонија“ учествуваше на VIII Меѓународна конференција за статусот и правата на лицата со инвалидност во организација на Коалицијата за стратегија и изедначување на можностите и правата на лицата со инвалидност на Унско-санскиот кантон која се одржа од 21.10.2014 до 23.10.2014 година во Сански Мост, Босна и Херцеговина. Нашиот сојуз доби посебна покана од организаторот со барање да се вклучиме во работниот дел на конференцијата со презентација. Делегацијата на „Мобилност Македонија“ ја сочинуваа: претседателот на „Мобилност Македонија“, Бранимир Јовановски, генералниот секретар, Софка Прчева, и претседателот на „Мобилност Скопје“ и член на УО на „Мобилност Македонија“, Дејан Ѓорѓиевски.

Првиот работен ден, Бранимир Јовановски пред повеќе од 150 присутни лица со инвалидност од сите кантони во Босна и Херцеговина, како и на претставници од соседните држави Хрватска, Црна Гора и Србија, излагаше на тема „Пристапност, независно живеење и вклученост во општеството на лицата со инвалидност – искуства во Република Македонија“. Излагањето беше проследено со големо внимание и на истото беа презентирани искуствата кои „Мобилност Македонија“ ги има во комуникацијата со институциите на државата, како и бројни законски решенија кои се однесуваат на лицата со инвалидност.

Ова беше уште една добра пригода да се разменат контакти и искуства со лица и организации кои активно се вклучени во активностите за подобрување на положбата на лицата со инвалидност во регионот.

Б.Јовановски

КАКО ИЗГЛЕДА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА КОНВЕНЦИЈАТА НА ООН

Во член 4 од Конвенцијата на ООН за правата на лицата со инвалидност се дефинираат должностите на државата за подобрување на правата на лицата со инвалидност. Во точка (з) од овој член е наведено: Државата ќе промовира обука на професионалци и персонал што работи со лица со инвалидност во областа на правата признати со оваа Конвенција за да дадат подобра асистенција и услуги гарантирани со овие права.

Пред неколку месеци од судскиот администратор бев повикан на разговор кај него во канцеларијата. Кога се јавив на повикот тој ме запраша дали ќе сакам да бидам назначен за лице кое ќе контактира во име на Апелациониот суд доколку како странки се јават лица со некоја инвалидност. Според неговото мислење јас сум бил најпогодна личност за таква комуникација затоа што сум ги разбирал проблемите и потребите на овие лица. Од друга страна, државата ги обврзала да имаат такви лица бидејќи тоа било зацртано со Конвенцијата и други законски прописи кои ја регулирале таа материја. Од Министерството за труд и социјална политика ги обврзувале да им дадат име и презиме на лицето задолжено за контакти со лица со инвалидност бидејќи правеле регистар на такви лица во сите државни установи. Прифатив и покрај тоа што мислев дека треба да се обучи друго лице кое не е лице со инвалидност каков што сум јас.

Бидејќи со месеци ништо не се случуваше во врска со оваа работа си помислив дека е тоа само формална работа, еве назначиле такво лице и сè се сведе само на тоа.

Во октомври стигна допис од ЈУ Завод за социјални дејности – Скопје дека лицето назначено за контакти со лица со инвалидност треба да се јави во Скопје во салата на Домот на хуманитарни организации „Даре Џамбаз“ на обука.

Присуствував на оваа обука која во вид на проект ја спроведува оваа јавна установа. За подобро запознавање на присутните со оваа проблематика изработиле Програма за проект **„Достапна администрација за лица со хендикеп“** и **„Кодекс за однесување на лицата со инвалидност“.**

Цел на овој проект е создавање на услови во државните институции и нивните подрачни единици за лицата со инвалидност при остварувањето на нивните граѓански права и обврски. Одговорното и овластено лице, и неговиот заменик, во секоја државна институција ќе бидат одговорни за комуникација со лицата со инвалидност и овозможување на полесен пристап до информации, нивните права и обврски во одредената институција.

Лицата кои се назначени и нивните заменици мора да бидат постојано достапни, во секое време од работниот ден, и во зависност од потребите на лицето со инвалидност, неговите способности и можности да ги преземаат сите потребни активности за реализирање на нивните барања во институцијата.

Податоците ќе бидат јавно објавени и достапни за лицата со инвалидност.

Назначените лица ќе поминат обука, преку која ќе се запознаат со правата на лицата со инвалидност согласно со националната легислатива, надминување на стереотипите, предрасуди и дискриминација на лицата со инвалидност, видови на бариери со кои се соочуваат лицата со инвалидност, основни карактеристики на лицата со инвалидност и начини на комуникација согласно со видот и степенот на инвалидноста.

Назначените лица, стекнатите знаења и вештини за лицата со инвалидност ќе можат да ги пренесат на своите колеги, со што ќе се подигне нивото на свеста за потребите и можностите на лицата со инвалидност.

Со циклусот на обуки се предвидува да бидат опфатени околу 700 лица на кои ќе им биде испорачана и соодветна литература, односно информативен материјал.

Оваа програма има намера да го потврди досега афирмативниот став и прогрес кон рушење на бариерите во сите сегменти на општествениот живот на лицата со инвалидност и ќе го подигне на повисоко ниво начинот на комуникација и интеракција со овие лица. Имено, сè уште луѓето стравуваат низ разговорот ненамерно да не ги навредат лицата со инвалидност и од таа причина не кажуваат ништо или избегнуваат контакт. Тоа оваа Програма сака да го надмине.

Понатаму, во Програмата се опишуваат сите лица со инвалидност, кои се нивните карактеристики и потреби согласно со **Правилникот за оцена на специфичните потреби на лицата со пречки во физичкиот или психичкиот развој** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 30/2000).

Откако во Програмата се дефинирани сите лица со инвалидност се преоѓа на правата на лицата со инвалидност низ националната легислатива. Во оваа глава се опфатени сите позначајни прописи каде што се третира проблематиката на овие лица со инвалидност почнувајќи со Уставот на Република Македонија, па закони и подзаконски акти. Паѓа в очи дека во оваа Програма не се споменува Конвенцијата на ООН за правата на лицата со инвалидност која по ратификувањето од страна на нашата држава стана дел од нашиот законодавен систем. Меѓутоа, овој пропуст беше исправен од страна на презентерката на овој дел од Програмата која во усното излагање посебно и прво ја спомена оваа Конвенција.

Посебна глава во Програмата има за предрасудите и стереотипите за лицата со инвалидност и според некои истражувања, за кои не се кажува од каде и од кого се правени, сè уште околу 50% од населението имало негативно расположение и резервирани ставови кон овие лица што претставува дополнителна бариера во процесот на социјалната интеграција.

Програмата ги опфаќа и сите бариери со кои се соочуваат лицата со инвалидност при што се прави опис на бариерите и се даваат примери од секојдневниот живот. Според оваа Програма бариерите се делат на: **бариери од лични ставови**, оние кои ги дискриминираат лицата со инвалидност,

ЗА ПРАВАТА НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ ВО ПРАКТИКАТА

информациони или комуникациски бариери кога лицето не може лесно да ги разбере информациите, **технолошки бариери** кога технологијата не е модифицирана и адаптирана со асистивни уреди, **организациски бариери** кога организациските закони, процедури и практики ги дискриминираат лицата со инвалидност (ова е многу воопштено и некоректно кажано за да може едноставно да се разбере) и **архитектонски и физички бариери,** делови од згради и одредени простории кои предизвикуваат проблеми во движењето на лицата со инвалидност.

На крај, во Програмата се опфатени начините на комуникација со лицата со инвалидност и се даваат совети како да се постапува со секое лице од соодветната инвалидност. Тука се делат совети за тоа како да им се приде на овие лица што имаат специфични потреби, како е најсоодветно да се комуницира и како да му се помогне а да не се наруши интегритетот на личноста на лицето со инвалидност, а целта да се оствари што побргу и поефикасно.

Кодексот за однесување кон лицата со инвалидност содржи:

- Основно е да се насочите кон лицето, а не кон инвалидитетот!;
- Културно е да се поздравите (ракувате) со лицето со инвалидност, дури и кога има ограничени можности за движење или користи протеза или е лице со оштетен вид;
- Пред да му пристапите на лицето за помош, секогаш прашајте го дали му е потребна вашата помош;
- Лични прашања за инвалидноста не треба да се поставуваат;
- Немојте заштитнички да се однесувате кон лицата со инвалидност;
- Зборувајте му директно на лицето со инвалидност, не на некој што е со него (родител, сопруг, придружник или толкувач);
- Немојте да се потпирате на нечие ортопедско помагало (инвалидска количка, патерици, бел стап). Помагалата се дел од личноста;
- Кога разговарате со лице со оштетен слух, бидете директно свртени кон лицето, не го повишувајте гласот, и не говорете му на уво. Лицето повеќе ќе разбере од фацијалната експресија, читање од усни, или со толкувач. Може да користите и пораки во писмена форма, доколку ситуацијата дозволува;
- Доколку подолго разговарате со лице кое е во инвалидска количка, седнете за да бидете во иста висина и да имате непречен контакт со очи;
- Ако разговарате со лице кое има потешкотии во говорот и доколку не сте го разбрале, немојте да потврдувате дека сте го разбрале, туку замолете го да ви се обрати повторно;
- При поздравување со лице со оштетен вид, кажете го Вашето име. Ако му нудите помош понудете му да се потпре на вашата рака, односно лакот;
- Зборувајте слободно користејќи секојдневни изрази како што се: „Се гледаме“, „Се слушаме“ или „Да се прошетаме“ без разлика на видот на инвалидноста;
- Бидете внимателни и трпеливи, на лицата со инвалидност им треба повеќе време за нешто да кажат или да направат;
- Немојте премногу да ги фалите лицата со инвалидност за вршење на некоја нормална животна задача;
- Од вас не се очекува да покажете сожалување кон лицата со инвалидност;
- Кон нив однесувајте се како рамноправни граѓани, бидејќи тоа и се;
- Придонесете за изедначување на можностите и правата на лицата со инвалидност.

Мој впечаток е дека државата конечно почна на ова поле да врши активности кои се во функција на реализација на обврските од член 4 од Конвенцијата, меѓутоа паѓаат в очи две работи кои морам да ги споменам. Прво, обучувачите и сами треба да поминат низ практична обука за да можат полесно да ги презентираат своите зададени теми од оваа област. Сите предавачи ги употребуваа сите можни термини со кои се сретнале до сега во животот: лица со инвалидност, лица со хендикеп, лица со попреченост, лица со посебни потреби... Впечатокот кој го оставија кај мене и кај многу од присутните беше дека не се знае за која категорија на лица се однесува оваа обука. Јас во таа насока имав една интервенција со која им укажав дека не треба да се мешаат поимите и дека значително ќе им биде полесно ако се употребува терминот **„лица со инвалидност“** како термин кој е употребен и во Конвенцијата и со тој термин генерално се опфатени сите лица со каков било недостаток.

Второ, обуката траеше едвај 40 минути нецелосен ученички час. За толку кратко време четири предавачи да презентираат толкав материјал кој е многу специфичен и граѓаните до сега немале можност да се судрат со оваа проблематика е невозможно да се рече дека ги обучиле сите лица за контакти со лицата со инвалидност. Треба да се изнајде некој подобар едукативен метод кој навистина ќе ги запознае сите учесници со оваа материја и во практика навистина да се видат резултатите од овие обуки.

Сепак, јас изразувам радост што воопшто и за прв пат државата презеде нешто за едукација на државните службеници како да се однесуваат со лицата со инвалидност. Ова се само првите чекори кон целосна примена на одредбите на Конвенцијата, а долг е патот кој треба сите заедно да го изодиме за да можеме да речеме дека сме ги интегрирале лицата со инвалидност во општеството.

Митко Фидановски

ИЗЛОЖБА НА ДЕЛА ОД V-ТАТА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА „ОХРИД 2014“

На 2.12.2014 година, со почеток во 19.00 часот, во изложбениот простор на Порта Македонија, во присуство на голем број на наши членови од повеќе здруженија, како и поканети гости и ликовни уметници, свечено беше отворена изложба на дела од V-тата Ликовна колонија „Охрид 2014“. Изложбата ја отвори претседателот на „Мобилност Македонија“, Бранимир Јовановски, истакнувајќи дека една идеја од пред пет години со која сојузот им овозможи на нашите талентирани членови да творат заедно со академски уметници, прерасна во традиционална меѓународна манифестација која оваа година го имаше своето петто издание.

Пабло Пикасо во една пригода кажал: „Кој сака нешто да направи, ќе најде начин. Кој не сака ништо да направи, ќе најде оправдување“. „Мобилност Македонија“ најде начин како да им овозможи на членовите да ја искажат својата дарба и талент и искрено се надеваме дека идната година најмалку половината од учесниците ќе бидат лица со инвалидност од земјите од регионот и дека оваа наша манифестација преку топлите бои и колоритетот што авторите го насликуваат на своите дела ќе ја покаже позитивната енергија, достоинството и истрајноста во напорите за целосна инклузија на лицата со инвалидност во општеството.

Во рамките на програмата, беа одржани дваесеттите литературни читања на лицата со телесен инвалидитет на Македонија и беа презентирани најдобрите пет литературни дела. Изложбата заврши со разгледување на 35 дела од 15 уметници кои твореа на овогодинешната ликовна колонија, и тоа: Роза Мојсовска, Тома Димовски, Зоран Јакимовски, Ана Лазаревска, Димитар Мајнов, Мила Ивановска, Богоја Мојсовски, Виданка Мојсовска, Горан Иванов, Даниела Русева од Бугарија, како и уметниците од Србија, Емилија Драгаш, Јанко Лацо, Клара Томиќ-Касаш и Ивана Меночанин. За присутните беше организиран пригоден коктел, а делата ќе бидат изложени во Порта Македонија до крајот на декември.

Б. Јовановски

ДОДЕЛЕНИ НАГРАДИТЕ ЗА НАЈДОБРИ ЛИТЕРАТУРНИ ТВОРБИ

Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија „Мобилност Македонија“, оваа година го објави XX-тиот Конкурс за избор на најдобра литературна творба на членовите на „Мобилност Македонија“. На конкурсот пристигнаа вкупно 17 поетски

творби, од десет автори од четири здруженија на „Мобилност Македонија“, сите пријавени под шифри, од кои една е сплет од пет хаику. Тоа се творбите: *Празна*

страна и *Тебе ти се давам* на Соња Ѓоргиевска; *Шепот на душата* и *Младост* на Јасмина Стојановска; *Детска игра* на Катерина Грозданова; *Сон* на Борче Грозданов; *Вистински пријател, Срдни души* и *Љубов* на Севда Ѓурчиноска; и *Желба од сонот* и *Сега* на Славица Стојановска, сите од Скопје, *Сеќавања* на Билјана Димова од Гевгелија; *Мајкини чеда* на Кире Иваноски и *Охридскиот Омир* на Ѓорги Здравески од Прилеп; и *Додека пред тебе молчам*, *Казнето утешение* и хаику на Љубе Лазаревски од Струмица.

Пристигнатите литературни творби ги оценуваше и рангираше жири-комисија во состав: Весна Ацевска – поетеса, Ѓорги Калајџиев – писател, новинар и водител и Кире Огненовски – писател и член на „Мобилност Македонија“.

Според поетесата Весна Ацевска, основна карактеристика на годинешните творби понудени на конкурсот е дека *во повеќето од нив преовладува светлината, па дури и во шифрите, како и тоа дека тие претставуваат искрен израз на силни емоции, кои најдобро се изразуваат преку поетските форми дури и тогаш кога на љубовта не ѐ е возвратено со еднакво чувство или кога таа е неостварлива. Поетите и поетесите најчесто се изразуваат преку своето лирско Јас, кое им овозможува без дистанца и непосредно да ги излеат своите интензивни чувства на остварената и почесто на неостварената љубов, виновна за нивната осаменост.*

Љубовниот копнеж како тема се среќава во песните *Празна страна*, *Детска игра*, *Сон*, *Тебе ти се давам*, *Желба од сонот*, *Сега*, *Додека пред тебе молчам*, *Љубов* и во петтата песна од *Хаику меѓу решетки,* љубовта кон децата, во *Мајкини чеда,* крикот по остварување на невозможното во *Сеќавање,* тагата во некои љубовни песни и особено во *Казнето утешение*, каде што таа се излева со дождот.

Весна Ацевска при оценувањето на творбите пишува: *„Како рефлексивни песни во кои се промислуваат животот, местото на единката во него и квалитетот на меѓучовечките односи се изградуваат песните Шепот на душата, Младост, Детска игра, Вистински пријател, Срдна душа, како и Хаику меѓу решетки каде што се среќаваат и иронични алузии, а Охридскиот Омир се изградува по тоа што претставува химна испеана во народен стил за големиот поет Григор Прличев. Во однос на формата се забележува дека слободниот бел стих е доминантен, овој пат нема стихови со*

строга метрика и со рими, се употребуваат метафори и метонимии, потоа ритмички повторувања и спротивставени ситуации на чиј контраст се изразува чувството. За првпат е употребена и формата хаику, која сè повеќе е присутна меѓу поетите во Македонија".

По квалитет, членовите на жири-комисијата пристигнатите литературни творби ги рангираше според следниот редослед:

- „Казнето утешение" – Љубе Лазаревски	44 бода
- „Шепот на душата" – Јасмина Стојановска	42 бода
- „Тебе ти се давам – Соња Ѓоргиевска	35 бода
- „Сега" – Славица Стојановска	34 бода
- „Охридски Омир" – Ѓорги Здравески	33 бода
- „Младост" – Јасмина Стојановска	32 бода
- „Додека пред тебе молчам" – Љубе Лазаревски	31 бода
- „Сон" – Борче Грозданов	29 бода
- „Сеќавања" – Билјана Димова	27 бода
- „Желба од сонот" –Славица Стојановска	27 бода
- „Хаику меѓу решетки" – Љубе Лазаревски	27 бода
- „Сродна душа" – Севда Ѓурчиноска	21 бода
- „Љубов" – Севда Ѓурчиноска	20 бода
- „Детска игра" – Катерина Грозданова	17 бода
- „Вистински пријател" – Севда Ѓурчиноска	17 бода
- „Празна страна" – Соња Ѓоргиева	13 бода
- „Мајкини чеда" – Кире Иваноски	10 бода

Плакетите за првата, втората и за третата рангирана литературна творба беа доделени во рамките на V-тата ликовната изложба на слики од V-тата Меѓународна ликовна колонија, што се одржа на 2 декември во Скопје, во објектот Порта Македонија, а по повод 3 декември – Меѓународниот ден на лицата со инвалидност.

С.П.

ОДРЖАН XX РЕПУБЛИЧКИ КВИЗ -НАТПРЕВАР НА ЛИЦАТА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА

На 25.10.2014 и 26.10.2014 година во хотелот „Цар Самуил" во Банско – Струмица, се одржа јубилејното двaесетто издание на Републичкиот квиз-натпревар на лицата со телесен инвалидитет на Македонија во организација на „Мобилност Македонија". На натпреварот учествуваа 17 екипи од максимално можните 18 екипи (екипата на „Мобилност Струга" не се пријави за учество) и согласно со пропозициите најнапред се одржа едно елиминаторно коло со цел да се пополнат четирите четвртфинални групи.

Жрепката одлучи во елиминаторното коло да се состанат екипите на Куманово, Кавадарци, Дебар и

Скопје II. По одржаните четири игри, екипата на „Мобилност Дебар" освои најмалку поени, само 21 и за нив натпреварувањето заврши.

Првата четвртфинална група ја сочинуваа екипите на „Мобилност Струмица", „Мобилност Радовиш", „Мобилност Тетово" и „Мобилност Свети Николе". По завршените четири игри, во полуфиналето се пласираа екипите на Струмица со 98 поени и на Радовиш со 52 поени, додека натпреварот го завршија екипите на Свети Николе со 40 поени и на Тетово со 16 поени.

Најизедначена борба се одржа во втората четвртфинална група која ја сочинуваа екипите на „Мобилност Охрид", „Мобилност Кичево", „Мобилност Битола" и „Мобилност Куманово". По завршените четири игри, во полуфиналето се пласираа екипите на Битола со 51 поен и на Кичево со 46 поени, додека натпреварот го завршија екипите на Куманово со 45 поени и на Охрид со 39 поени.

Третата четвртфинална група ја сочинуваа екипите на „Мобилност Гевгелија", „Мобилност Кочани", „Мо-

билност Штип“ и „Мобилност Скопје II“. По завршените четири игри, во полуфиналето се пласираа екипите на Штип со 84 поени и на Гевгелија со 61 поен, додека натпреварот го завршија екипите на Скопје II со 55 поени и на Кочани со 23 поени.

Четвртата четвртфинална група ја сочинуваа екипите на „Мобилност Велес“, „Мобилност Скопје I“, „Мобилност Прилеп“ и „Мобилност Кавадарци“. По завршените четири игри, во полуфиналето се пласираа екипите на Скопје I со 68 поени и на Прилеп со 65 поени, додека натпреварот го завршија екипите на Велес со 47 поени и на Кавадарци со 37 поени.

Утредента се продолжи со полуфиналните борби. Првата полуфинална група ја сочинуваа екипите на „Мобилност Струмица“, „Мобилност Кичево“, „Мобилност Штип“ и „Мобилност Прилеп“. По завршените

четири игри, во финалето се пласираа екипите на Струмица со 81 поен и Штип со 62 поени, додека натпреварот заврши за екипите на Кичево со 33 поени и Прилеп со 31 поен.

Втората полуфинална група ја сочинуваа екипите на „Мобилност Радовиш“, „Мобилност Битола“, „Мобилност Гевгелија“ и „Мобилност Скопје I“. По завршените четири игри во кои доминираше екипата на „Мобилност Битола“, во финалето се пласираа екипите на „Мобилност Битола“ со 101 поен и „Мобилност Скопје I“ со 43 поени, додека натпреварот заврши за екипите на „Мобилност Радовиш“ со 29 поени и „Мобилност Гевгелија“ со 16 поени.

Финалето го сочинуваа екипите на „Мобилност Струмица“, „Мобилност Битола“, „Мобилност Скопје I“ и „Мобилност Штип“. Финалниот квиз имаше за една третина поголем број на прашања во четирите игри (играта на која се одговара со ДА или НЕ, играта на која се одговара со избор на одговор под 1, 2, 3 или 4, играта – музички прашања и играта – финални прашања), како и нова петта игра, „Чекор по чекор“, во која требаше да се погоди бараниот поим во максимални шест реченици. Во исклучително интересна борба во која екипите се менуваа во водство, на крај првото место и припадна

на екипата на „Мобилност Скопје I“ со освоени 74 поени, второто на екипата на „Мобилност Струмица“ со 60 поени, третото на екипата на „Мобилност Штип“ со 55 поени и четвртото место и припадна на екипата на „Мобилност Битола“ со освоени 43 поени.

На првопласираните три екипи им беа доделени плакети кои ќе ги красат витрините на нивните здруженија, додека сите натпреварувачи од првопласираните три екипи добија мали плакети за освоени пласмани.

„Мобилност Македонија“ планира следниот Републички квиз-натпревар да го подобри со ново софтверско решение со кое натпреварувачите во секој момент ќе имаат увид на бодовното салдо (а не како до сега само по завршување на секоја игра засебно), со можност и прашањата да стојат испишани цело време на дисплеј, се до давање на одговорите од страна на екипите и нивно евидентирање.

Б.Јовановски

СЛАВЕЈ АД СКОПЈЕ ЗАПОЧНА СО ПРИМЕНА НА СОВРЕМЕНА CAD/CAM ТЕХНОЛОГИЈА ВО ОРТОТИКАТА И ПРОТЕТИКАТА

Во постојана потрага кон нови технологии и трендови на развој на полето на ортотиката и протетиката, наша целосна посветеност на зголемувањето на придобивките на нашите клиенти од нашето работење, постојано инвестирање во развојот на компанијата со прифаќање на најновите технологии и материјали, Славеј а.д. Скопје се одлучи за инвестирање и усвојување на CAD/CAM технологијата во ортотиката и протетиката. Првенствено, неколку збора за поимите CAD и CAM.

CAD – Компјутерски потпомогнато дизајнирање е поим кој значи користење на компјутерите со цел креирање, модифицирање, анализа и оптимизација на производството. CAD софтверот се користи за зголемување на продуктивноста на конструкторот, квалитетот на прозиводот и креирање документацијата за него, а со тоа и креирање на база на податоци за понатамошно користење. CAD-излезните информации се користат за CAM – компјутерски потпомогнато производство. CAM е употребата на компјутерски софтвер за потполно автоматизирана изработка на готовиот производ, а истовремено се намалува потрошувачката на енергија.

Стартот не беше лесен. Требаше да се одлучи за типот на опрема, начинот на набавка на истата, обука на соодветен кадар водејќи сметка за безбедноста и здравјето на нашите вработени и, се разбира, обезбедувањето на средства. По одржани консултации и стручна процена на стручни лица со познавање на CAD/CAM технологиите и создавање на софтвер за нивно користење, се одлучивме за компанијата Rodin4D - Global CAD/CAM solution for CPO. Rodin4D е компанија која започна со развој на CAD/CAM системите во ортотиката и протетиката во 2004 за потребите на најголемото ортопедско француско здружение Lagarrigue Orthopédie. Од тогаш па наваму, Rodin4D се прилагоди и одговори на барањата на повеќе од 150 компании од целиот свет на полето на ортотиката и протетиката, притоа, незапирливо и стручно ги развива и прилагодува CAD/CAM системите кон нивните потреби, вклучувајќи го тука и СЛАВЕЈ а.д. Скопје.

Класичниот начин на изработка на ортозите и протезите претпоставува земање на „мерка“ со помош на гипсен завој и добивање на негатив. Потоа, следува изработка на позитив со излевање на гипс, корекции на димензиите на добиениот гипсен модел и внесување на сите потребни промени и изработка на протезата/ортозата со термоформирање од пластична маса и отсекување на непотребни делови и финално прилагодување.

CAD/CAM ТЕХНОЛОГИЈА

Со CAD/CAM технологијата, земањето на мерка се врши со дигитален сканер без контакт на пациентот со гипсен завој како на слика 1.

Внесувањето на потребните корекции и прилагодувања се врши на компјутер со соодветен програм за изработка на моделот со примена на CAM софтвер (слика 2 и слика 3)





Така компјутерски-дефинираниот позитив на лежиштето на протеза или ортоза автоматски се изработува од полиуретан на специјална CNC машина (слики 4, 5 и 6).

Изработката на протезата/ортозата продолжува со термоформирање на пластична маса на позитивот. Потоа на CNC машината се врши автоматизирано отсекување на непотребни делови.

Автоматска изработка на ортопедското помагало со помош на CNC машина и програмско отсекување на граничните линиии

Оваа технологија овозможува значителни бенефити за пациентите и производителите и тоа:

- Брзо, точно и безболно добивање на 3D обликот на пациентот,
- 3D корекции кои можат да бидат симулирани, мерени и репродуцирани,
- База на податоци во која се содржи историјата на сите корекции, а со тоа следливост на пациентите,
- Лесна и брза манипулација со софтверот и CNC машината.

Од земањето мерка преку производството, Славеј а.д. Скопје, со новата CAD/CAM технологија создадена од протетичари и ортотичари за протетичари и ортотичари, прецизно, точно и ефективно ги задоволува потребите на корисниците во соодветната област.

Борче Стојков
Центар за ортотика и протетика
Славеј АД Скопје

Докторот Ви одговара

Ги прелистувам последните изданија на „Мобилност“, ги прегледувам нашите активности кои ги има во голем број. Сојузот, здруженијата, поединци, спорт, хуманитарни акции, вклучување во проекти, од убаво до поубаво. На момент се заборавени сите маки од секојдневјето, потребно е дружење, но конструктивно. Основно, што велат старите, е да сме здрави и живи, а сè друго се надоместува. Го подзаборавивме и ние здравјето како да е последно во редот на нештата а практично е прво. Ги ангажиравме сите во други нешта, и тоа е добро, ама го испуштивме здравјето. Не е здравјето само работилница со медицинска дијагноза. Остануваат сознанијата за преживеаното и осетеното. Дали Ве фаќа страв ако треба да кажете нешто? Зарем нема да Ви е полесно ако си ја кажете маката? Маката е универзална и секогаш бара решение. Решение кое не може секогаш да се најде или ќе се најде малку од него. Него ќе го решаваме во иднина. Иднината која е неизвесна доколку само се молчи.



Во медицината се вели дека нема дијагноза без добра анамнеза. Анамнеза од намуртен човек не може да се земе. Земи си малку добра волја за процесот да започне. Процесот на вистинското размислување за себе, за состојбата и исходот. Исходот кој е најважен во животот. Животот Ваш и на сите Ваши околу Вас. Сега и утре, да не заборавите дека има некој кој сака да го слушне Вашиот збор. Вашиот збор ненапишан на лист хартија, а можеби пренесен преку пријател. Пријател кој Ви ја подава раката. Раката на поддршка и сила која Ви е толку потребна, не само сега туку и секогаш. Сега е време за поддршка која на сите ни е потребна. Да си ја подадеме раката и да ги искажеме нашите желби и размислувања. Прво за здравјето, а потоа и за сè друго. Ај со здравје!

Ваш прим. д-р *Нико Јанков*

ОТВОРЕНО ИНКЛУЗИВНО ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО ПРИЛЕП

На 5 септември 2014 година во Прилеп на свечен начин беше отворено за употреба инклузивно детско игралиште. На отворањето беа присутни градоначалникот на Општина Прилеп, Марјан Ристески, заменик-министерот за труд и социјална политика, Ибраим Ибраимов, амбасадорот на Република Полска во нашата држава, Јацек Мултановски, директорката на Центарот за социјална работа во Прилеп, Снежана Јованоска, генералниот секретар на „Мобилност Македонија“, Софка Прчева, претседателот на „Мобилност Прилеп“, Стеван Ангелески, членови на „Мобилност Прилеп“ и претставници на други невладини организации.

Министерството за труд и социјална политика минатата година поведе иницијатива за подобрување на социјалниот живот на децата со инвалидност и можноста за нивен правилен развој, преку изградба на инклузивни детски игралишта на територијата на целата држава.

Министерството за труд и социјална политика овој проект го реализира во партнерски однос со Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија „Мобилност Македонија“. Проектот подразбира оформување на простор со реквизити кои ќе бидат достапни и за децата со инвалидност. До сега вакви игралишта се изградени и пуштени во употреба во Скопје во Градскиот парк, во Општина Ѓорче Петров, во Кавадарци, во Ново Село – Струмица и во Прилеп. Во тек е изградбата на инклузивно детско игралиште во населбата Капиштец во Скопје и поставување на реквизити – трамболини во дворот на Центарот за аутизам во населбата Топанско Поле во Скопје.

Локацијата на игралиштето во Прилеп е во центарот на градот, кај „Учестакот“. Советот на Општина Прилеп обезбеди простор од 500 м^2, од кои 180 м^2 за поставување на детските реквизити, а остатокот од просторот се пополни со дополнителни содржини: клупи за седење, осветлување, канти за отпадоци и сл.

Амбасадата на Република Полска во Македонија ги обезбеди финансиските средства за набавка на реквизитите во износ од 730.000 денари или 11.900 евра. Општината Прилеп ја подготви подлогата, односно постави гумена подлога. „Мобилност Македонија“ ги утврди сертификатите за безбедност на реквизитите и другите критериуми кои требаше да ги исполни производителот на реквизитите. Исто така, „Мобилност Македонија“ спроведе избор на најдобар изведувач, односно ја избра компанијата „МС Компани“ од Скопје да ги обезбеди и постави реквизитите.

Проектот за инклузивни детски игралишта е повеќе од потребен во нашата држава. Поставувањето на игралишта од ваков вид подразбира оформување на простор со реквизити кои би биле достапни и за децата со инвалидност, односно детско игралиште кое на овие деца ќе им обезбеди безбедно да си играат, социјализираат и кое ќе им овозможи поттикнувачка средина за правилен раст и развој.

С.П.

ТРИУМФ ВО РЕСЕН: УСПЕШНО ИЗВЕДЕНА МОНОДРАМАТА „МОЈАТА ПРЕСПА! МОЈОТ РЕСЕН! МОЈАТА СУДБИНА!“ ВО РЕЖИЈА НА СОТИР ЧАУШЕВСКИ

На 8.7.2014 година, во рамките на манифестацијата „Актер на Европа“ во Ресен беше успешно изведена монодрамата *Мојата Преспа! Мојот Ресен! Мојата судбина!* со извондредната Марија Кондовска во главната улога, а во режија на нашиот член Сотир Чаушевски. Автор на монодрамата е познатата авторка Ката Мисиркова-Руменова, а адаптацијата на текстот ја направи Офелија Богоевска. Извонредната сценографија, дополнета со аудиовизуелни ефекти и музиката на Тони Карапанчевски, долови сцена на гробишта на кои се одвива дејствието сместено во периодот по Втората светска војна, раскажувајќи за случувањата на едно семејство од Преспа, откинато од родната грутка и расфрлано низ светот. Покрај гробот на својата мајка, главниот лик ја оплакува несреќната судбина на своите браќа. Со голема трансформација и емотивност нè пренесе во едно друго време, откривајќи ја големата љубов кон татковината со повикот за враќање во родниот крај.

Околу 400 посетители ја проследија оваа монодрама, наградувајќи ја со огромен аплауз, а медиумите ја опишаа како *зачеток на ресенскиот театар*. Меѓу многубројните граѓани и Преспанци од странство беа присутни и претставници од Општина Ресен, меѓу кои и градоначалникот м-р Ѓоко Стрезовски и претседателот на Советот, како и познатиот драмски писател и дипломат Јордан Плевнеш.

Присуството на претставниците од „Мобилност Битола“ беше искористено и за контакти и договори за следните настани кои се предвидени во наредните месеци. Беше дадена голема поддршка за сите наши напори за остварување на програмските и статутарни цели. По претставата беа направени интервјуа со актерката и со режисерот. Марија Кондовска штотуку го заврши средното образование и се наоѓа на важен крстопат во својот живот кога треба да одлучи каде ќе го надградува своето знаење. До сега имала повеќе улоги во разни пиеси, но сепак оваа и е најдрагоцена и, секако, најтешка. Сотир Чаушевски, пак, е инженер кој отсекогаш имал сон да биде режисер, а тој сон до сега го остварил само 70 пати. Оваа монодрама му е секако најдрага, но и најтешка со оглед на тоа што беше изведена пред неговите сограѓани во Ресен. Видно возбуден, Сотир беше пресреќен што ја доби нашата поддршка во овие мигови и ни откри дека во рамките на проектот „И ние сме дел од вас“ на „Мобилност Битола“ се разработува идеја за претстава наменета за телесните инвалиди со работен наслов „Да се биде поинаков“. Непотребно е да се каже дека нашата поддршка ќе ја има во секое време, а се надеваме дека во иднина ќе присуствуваме на уште многу вакви одлични настани.

ПРОСЛАВА НА СВЕТСКИОТ ДЕН НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ ВО РЕСЕН

На 2.12.2014 година, со почеток во 17.00 часот, во канцеларијата на „Мобилност Битола“ во Ресен се одржа прослава по повод Светскиот ден на лицата со инвалидност. По овој повод, за искажаната поддршка и активност на лица и установи, беа доделени признанија и благодарници. Веднаш при доаѓањето забележливи беа градежните активности за правење и подобрување на пристапот до канцеларијата, како и самата внатрешност на канцеларијата која изгледаше многу поуредено од последната посета, а богатиот аранжман на подготве-

ниот коктел уште повеќе го истакнуваше тоа.

Канцеларијата беше претесна за триесетината присутни меѓу кои и претседателот на Советот на општина Ресен, д-р Менде Пашковски со своите соработници, Неговото Високо Свештенство, владиката Пимен, архиереј на Европската Епархија, повеќе стопанственици и волонтери, како и членови на здружението. Признание беше доделено и за градоначалникот на општина Ресен, м-р Ѓоко Стрезовски, кое го прими д-р Пашковски, благодарници добија д-р Сања Андоновска, инж. Сотир Чаушевски, Благојче Стојановски-Туше, „НЕБИ Комерц“ – Ресен, „Маркет гросер“ од Австралија, како и бизнисменот Пеце Трајановски од Австралија, кое го прими неговиот брат Митко.

Со одличната организација и подготвениот коктел, канцеларијата во Ресен се покажа во најдобро светло и ги заслужува сите пофалби. Особено се истакнуваа волонтерите. (Слика „Прослава Ресен 3“)

„МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ ВО ЕМИСИЈА НА ТВ ВИЗИЈА ОД ПРИЛЕП

На 10.7.2014 година, на покана од директорот на ТВ Визија од Прилеп, госпоѓата Бранкица, во попладневната емисија учествуваа претставници од „Мобилност Битола“, и тоа претседателот прим. д-р Нико Јанков и членот на УО, Фанче Ѓеоргиевска. Како повод за ова гостување беше успешно изведеното „Дефиле на Широк Сокак“ кое „Мобилност Битола“ успешно го реализираше на 28.6.2014 година и кое беше во целост проследено од екипа на ТВ Визија. По првичните контакти кои се реализираа благодарение на новинарот од ТВ Орбис од Битола, Дивна Грданова-Караџовска, директорката Бранкица нѐ прими и прошета низ сите простории на оваа телевизиска куќа.

Во студиото со водителката Снежана имавме конструктивни разговори за сите наши активности. Стана збор за организациона структура, активности и соработка со институции, медиуми, особено локална самоуправа и реализација на проекти. Покрај традиционалното дефиле, беше презентирана и богата палета на активности, други работилници, предавања, излети и настани со повод (Нова година, 8 Март, заеднички настапи со други здруженија, партнерски односи итн). На располагање имавме голем број на рекламни материјали: летоци, плакати, списанија и др. Сметаме дека на овој начин детално ги запознавме нашите соговорници и гледачите кои сме, што правиме, кои ни се плановите и какви активности успешно реализираме во остварувањето на програмските и статутарни цели. Задоволни се разделивме од нашите пријатели со надеж за идна соработка и дружење.

МАНИФЕСТАЦИЈА ПО ПОВОД ДОНАЦИЈА, ТРЕТО МЕСТО И ГЕНЕРАЛНА ПРОБА

На 30.7.2014 година, во просториите на „Мобилност Битола“, спортската сала и клубот на Заедницата на инвалидските организации во Битола беше одржана тројна манифестација. Прво завршницата на донацијата од НАТО преку стратегискиот партнер ГАУС Институт, односно со предавањето на електронската мета од фирмата „Скат“, освојувањето на третото место на Светското првенство во Германија од страна на нашата Оливера Наковска-Бикова и генералната проба на музичари и вокални интерпретатори поддржани од КУД „Феникс“, во придружба на други музичари од Прилеп и Кавадарци.

На самиот почеток, претставникот на ГАУС Институт, инаку стратегиски партнер на „Мобилност Битола“, ја комплетира донацијата со електронската мета како врвна алатка во тренажниот процес на врвните стрелци и олимписки натпреварувачи. Со ова се заокружи донацијата на спортски реквизити кои ги доби „Мобилност Битола“.

Потоа продолжија активностите со генералната проба на музичарите и вокалните интерпретатори. Манифестацијата беше медиумски покриена со екипа од ТВ Визија од Прилеп. Во продолжение, проф. д-р Игор Неделковски, во име на ГАУС Институт даде изјава пред присутните, искажувајќи задоволство од постигнатото и ветувајќи дека и во иднина соработката ќе остане како

приоритет и ќе се користат сите можности за постигнување и реализација на замисли како што беше оваа.

Потоа, претседателот на НКТ и „Мобилност Македонија“, а наедно и тренер на Оливера Наковска-Бикова, Бранимир Јовановски ја поздрави донацијата и успешното партнерство на „Мобилност Битола“ со ГАУС Институт и истовремено ги поздрави сите активности кои ги презема нашето здружение. Оливера изјави дека токму оваа електронска мета многу ќе и помогне во совладување на сите препреки при тренажниот процес и дека заедно со тренерот ќе работат на подготовките за параолимписките игри кои ќе се одржат во Рио де Жанеиро во 2016 година. Изјава даде и претседателот на „Мобилност Битола“, прим. д-р Нико Јанков, кој истакна дека сите активности кои ги прави „Мобилност Битола“ се во функција на подигање на капацитетите на здружението и негово етаблирање со остварување на програмските и статутарни цели, а ја поздрави и завршницата на донацијата со набавката на електронската мета и останатите спортски реквизити кои ќе ги користат членовите на „Мобилност Битола“. Дружењето продолжи.

„МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ НА ТВИНИНГ-ПРОЕКТОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Во организација на Агенцијата за вработување на Република Македонија (АВРМ) и експерти од ЕУ, на твининг-проектот кој се одржа на 30.7.2014 година во просториите на Центарот за вработување во Битола беше успешно реализирана работилница на која учествуваше и претставникот од „Мобилност Битола“, Фанче Ѓеоргиевска, која со своите дискусии многу успешно придонесе во реализацијата на работилницата.

Инаку, самата работилница е дел од пилот-проектот на ЕУ во чии рамки се вклучени Битола, Скопје, Тетово и Куманово. Во работата зедоа учество повеќе експерти од земјата и странство. Работилницата ја отвори и успешно ја водеше Јешим Сефулоска, раководител на Центарот за вработување во Битола, Горан Петковски, раководител за европски интеграции, Абдусамед Шабани, заменик-директор на АВРМ, Нијоле Макевичиене, МТ-експерт од Литванија, како и Аксел Буергер, РТА-експерт и твининг-советник од Германија.

Ваквите работилници се наменети за подигање на капацитетите на сите фактори во локалниот развој на локалната заедница, од наш аспект за вработување на сите нивоа на лицата со инвалидност, особено со телесен инвалидитет. „Мобилност Битола“ со своите активисти редовно учествува на овие работилници и го подигнува капацитетот за организирање на следни активности наменети за оваа проблематика.

„МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ НА ВТОРАТА БАЛКАНСКА КОЛОНИЈА НА РАКОТВОРЦИ СО „АСТЕРИОН ГАЛЕРИ“

Втора година по ред нашиот партнер „Астерион галери“ од Битола организира Балканска колонија на ракотворци во рамките на „Битолското културно лето“. Се надеваме дека оваа колонија ќе стане традиција и од година на година ќе привлекува сè повеќе активни учесници.

И покрај неповолните временски услови, колонијата успешно се одржа од 7 до 9 август, а меѓу учесниците имаше повеќе членови од инвалидски организации,

вклучувајќи и наши членови: Роза Мојсовска (сликар), Мирко Костовски и Васко Стефановски со резба во дрво, како и Живко Петроски со резба во бетон. Кате и Гордана со ракотворби и резба во бакар годинава не учествуваа од оправдани причини.

Сепак, манифестацијата ги исполни нашите очекувања и беше посетена од многубројни граѓани и наши членови. Ваквите настани, кои веќе преминуваат во традиција, ќе придонесат за поголема заинтересираност за активно учество и мотивација за идните активности кои ќе ги организира нашето здружение.

МУЗИЧКИ СРЕДБИ НА „СТРУМИЦА ОПЕН ФЕСТИВАЛ“

Како и секоја година, па така и оваа, „Мобилност Македонија“ ги организираше традиционалните музички средби кои се одржаа од 10 до 12 август 2014 година. Минатата година, со традиционалното присуство на градоначалникот на Струмица, Зоран Заев, се даде ветување од негова страна дека оваа музичка манифестација идната година ќе влезе во програмата на струмичкото културно лето, односно на „Струмица опен фестивал“. Тоа ветување го одржа со тоа што ги сносеше трошоците за сместување на учесниците од „Мобилност Македонија“ во хотелот „Цар Самуил“ во Банско, Струмица.

И оваа година учествуваа околу 90 учесници, во традиционалната придружба на КУД „Феникс“, во кој покрај членовите од Битола, настапија и Соте и Диме,

како и членовите од Прилеп и Кавадарци. Самата манифестација по две одржани проби беше на плоштадот во Струмица, во комплетна организација на домаќините, односно на градоначалникот Заев. Настанот беше посетен од повеќе граѓани и други намерници од Струмица, како и од наши членови од Струмица и околните градови. И оваа година манифестацијата имаше натпреварувачки карактер, така што првото место го освои Христина од Скопје, второто Томче од Битола, а третото место му припадна на Гоце од Скопје.

И покрај најавите, годинава не беа присутни гости од Бугарија, Србија и Босна и Херцеговина. Во секој случај ваквиот карактер на нашата манифестација која излезе од сала и сега се одвиваше на отворен простор, е чекор напред кон сè поголема масовност на активностите кои ги спроведува „Мобилност Македонија“. Во текот на манифестацијата беа дадени повеќе изјави од градоначалникот на Струмица, Зоран Заев, претседателот на „Мобилност Македонија“, Бранимир Јовановски и други. Секако дека се изрази и обострано задоволство од овој тип на соработка и се заклучи дека таа треба да

продолжи на ваков и на разни други начини во иднина. Нашите членови Томче, Соте и Диме оставија позитивни впечатоци, како кај учесниците, така и кај посетителите кои ја проследија оваа наша манифестација.

„МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА“ НА 9-ТИОТ МУЗИЧКИ ФЕСТИВАЛ ВО ПОМОРЈЕ, Р. БУГАРИЈА

Од 27 до 31 август 2014 година, претставници на „Мобилност Македонија“ учествуваа на 9-тиот музички фестивал на лица со телесна инвалидност во Поморје, Р. Бугарија, а екипата на нашиот сојуз беше составена од претседателите на „Мобилност Скопје“, Дејан Ѓорѓиевски и „Мобилност Битола“, прим. д-р Нико Јанков, како и тајфата на Ники (Николчо и Севдет од Кавадарци и Сотир од Битола, инаку членови на КУД „Феникс“). Ова е втора возвратна посета на нашите членови, откако претставници од Бугарија учествуваа на нашите музички средби во Струмица. Главен организатор на сите досегашни фестивали е фондацијата „Сила за живот“ со седиште во Велико Трново. Претседател е Јордан Стефанов, главен водител и организатор е Зорница Стефанова, а уметнички директор на фестивалот е познатиот музичар Александар Михаилов-Сашо.

Покрај вообичаеното покровителство на градоначалникот на Поморје и читалиштето „Просвета 1888“, оваа година фестивалот е и под патронат на народниот правобранител (омбудсман) на Р. Бугарија. Благодарение на сопственикот Љубомир Балабанов, скоро сите учесници беа сместени во „Почивалиште“ и хотел „Далас“, каде што се одржаа и сите прес-конференции и проби за претстојните настапи кои се одржуваа на платото пред читалиштето во центарот на градот со одлично озвучување и техничка координација на водителот, изведувачите и техниката.

Годинава фестивалот беше поделен на два дела и тоа фолклорна вечер и поп-вечер. Првата вечер продефилираа повеќе учесници солисти, дуети, трија, инструментални состави и игроорни групи. Сите покажаа голема професионалност, и покрај тоа што станува збор за аматери со огромен талент. Со добрата кореографија можат да се пофалат сите раководители, особено на танцовите групи составени од лица со инвалидност. Возраста на изведувачите се движеше од 10 до 70 години, од новооткриени таленти (Кристијана) до признати уметници со меѓународно реноме (Орхан Мурад). Во поголемиот дел од фолклорната вечер изведувачите беа придружувани

од тајфата на Ники, а Соте и Николчо се претставија и како вокални интерпретатори.

Општиот впечаток кај домаќините е многу добар, така што има перспектива и за идни соработки и размена на искуства во сите области. Во слободното време и по настапите следуваше дружење со песни кое траеше до доцните часови. Сè на сè, одлично искуство кое се надеваме ќе се повтори во иднина.

ТРАДИЦИОНАЛЕН ИЗЛЕТ НА „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“

„Мобилност Битола“ организираше излет во непосредната околина, па на 13 септември 2014 година членовите на нашето здружение посетија неколку локации во околината на Демир Хисар, односно библиотеката на Стеван Степановски во с. Бабино и спомен-обележјето на великанот на македонската книжевност Петре М. Андреевски во с. Слоештица.

На ведро и сончево време, во раните утрински часови ни се придружија и членовите од Ресен со што го

комплетиравме караванот од осум автомобили и се упативме кон Бабино. Патувајќи низ прекрасната природа, во Бабино стигнавме околу 10.00 часот, а таму не пречека лично Стеван и со традиционален пречек ни ја покажа куќата, амфитеатарот и дворот кои се во македонски амбиентален стил. Се запознавме со овој културен споменик и пред доаѓањето на неколку автобуси со посетители од други градови, се упативме кон Слоештица, додека пак на гробот на Петре М. Андреевски збор имаше нашиот член и литерат Кире Огненовски.

Откако запаливме свеќи во црквата „Св. Атанасиј", се упативме и кон манастирот „Св. Јован Претеча" во Слепче. Тука, во лулката на словенската писменост и познатата слепченска школа која практично беше универзитет на писменоста од 10 век, го почувствувавме здивот на историјата и минатите векови. Ги овековечивме овие мигови со заедничка фотографија и потоа се упативме на заеднички ручек во сопствена режија.

„Мобилност Битола" ќе продолжи со оваа практика на исполнети и содржински дружења кои ќе остават долготраен белег и дополнително ќе будат интерес за вакви настани.

„МОБИЛНОСТ БИТОЛА" НА „ПРЕСПАНСКИ ЈАБОЛКОБЕР 2014" ВО РЕСЕН

„Мобилност Битола" со своите членови традиционално учествува на „Преспанскиот јаболкобер", а во рамките на овогодишната тридневна манифестација учество зема

нашата членка Гордана Тирицовска-Стојановска, чии ракотворби беа изложени за многубројните посетители на плоштадот во Ресен. Иако активностите беа веќе почнати, со скинувањето на првото јаболко и официјално се означи почетокот на бербата, а локалната самоуправа е директно ангажирана и активно ги поддржува сите активности.

По поздравниот говор на градоначалникот м-р Ѓоко Стрезовски, на плоштадот имаше вистинска фешта, а се посетуваа и сите штандови каде што се нудеа разни произ-

води. Се враќа производството на сок од јаболка во пристапно пакување и сите потребни механички направи. По состанокот на групата од Битола со нашите членови од Ресен, сите заедно ја посетивме манифестацијата и, секако, штандот на нашата членка Гордана, каде што беше присутно и целото нејзино семејство. Се видовме и поразговаравме со многу познајници, а наедно договоривме и следни активности во разгранокот на Ресен.

„МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ НА РАБОТИЛНИЦА НА УСАИД ВО ОХРИД

Како активен субјект во работата на локалниот економско-социјален совет на Битола (ЛЕСС Битола), „Мобилност Битола“ со свои членови учествува во сите програмски активности, вклучувајќи ги и работилниците во организација на УСАИД. Овој пат, работилницата која се одржа на 26 и 27 септември во хотел „Ривиера“ во Охрид, беше од регионален карактер и опфати проблематика на која учествуваа членови на ЛЕСС од Битола, Тетово, Прилеп и Гостивар. Од наша страна учествуваа Фанче Георгиевска, заменик-член на ЛЕСС и член на УО и Сотир Јоновски, член на УО задолжен за проектна активност. Тие максимално го искористија своето присуство во сите сесии на работилницата, којашто се одвиваше двојазично и тоа на македонски и на албански јазик.

Се потврдија стратегиските цели, а тоа се: подобрување на социоекономската положба на населението, создавање на услови за поврзување на пазарот на труд со образовниот, јавниот и бизнис-секторот, социјално вклучување на ранливите категории и препознатливоста на ЛЕСС. Покрај основните цели, во центарот на вниманието на нашите членови беше статусот на лицата со инвалидност, кој е во завршна фаза на јавната расправа и ќе оди на собраниска процедура.

Главен акцент беше ставен на социјалното вклучување на ранливите категории во кои спаѓаат и лицата со инвалидност, а главна цел е подобрување на социјалните услови и подобрување на вештините и капацитетите на ранливите категории. Беше нагласена неопходноста од подготовка на база на податоци на лицата со инвалидност, проценка на потребите на секоја целна група и медиумско покривање (веб-страница и сл.). Во подобрувањето на вештините се нагласи потребата од познавање на работа со компјутер, обука на работодавци и обучувачи, промоција на ракотворби, промотивни материјали и сл.

„Мобилност Битола“ веќе со години го негува и практикува овој принцип, а резултатите се, секако, веќе видливи. Ние и понатаму ќе продолжиме со ваквиот начин со кој го подигаме капацитетот на членството и подготвени ќе ги пречекуваме сите предизвици кои ќе надоаѓаат во иднина. Посочувајќи ги како пример, организаторот на работилницата мошне високо ја оцени работата и залагањето на нашите членови.

КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА СОЦИЈАЛНА И ОБРАЗОВНА ИНКЛУЗИЈА НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ

На 17.10.2014 година, во организација на Македонското научно друштво (МНД) беше одржана и успешно изведена Меѓународната конференција за социјална и образовна инклузија и кохезија – теорија, практика и перспективи. Претседателот на МНД, нашиот проверен пријател и партнер, проф. д-р Игор Неделковски и секретарот доц. д-р Сашо Кочанковски, го понесоа товарот заедно со другите членови од организациониот комитет на оваа значајна манифестација. На неа имаше учесници од Македонија, Бугарија, Србија, Швајцарија, Словенија и Грција. Се разбира дека најмногу беа присутни од Битола и Скопје, факултети, училишта, специјални училишта, институти, граѓански здруженија итн.

Составот на презентерите вклучуваше професори, доктори и магистри на науки и долгогодишни искусни практичари кои го споделија своето искуство за единствената заедничка цел – што поправилна инклузија на лицата со инвалидност, која нема да биде обременета со предрасуди и немање на искуство во креирањето на

целите, а „Мобилност Битола“ активно учествуваше во работата. Акцентот беше ставен на процесот на инклузијата и различните искуства во сите држави. Во повеќе трудови се нагласуваше штетното влијание на инклузијата по секоја цена, како и неопходноста од постоењето на специјални училишта каде што процесот на едукација мора да биде сепариран и концептуализиран практично за секоја индивидуа. Исто така, стана збор и за постоење на институции за сместување и за забавување, односно преразгледување на принципот деинституционализација по секоја цена и веднаш. Презентирани се официјални податоци на тешки последици од слепото спроведување на принципот (Италија).

Посебен интерес за нас предизвика трудот на доц. д-р Сашо Кочанковски, кој зборуваше за компаративната анализа во инклузијата во основните и средните училишта во Битола. Загрижувачки факт е што само 17% од децата со пречки (читај некаква инвалидност) се распоредени, односно категоризирани. Другиот фрапантен податок е дека телесните инвалиди во основно образование се застапени со 5% наспроти менталци со 33%, глуви 2% и слепи, односно слабовидни со 5%. Предничат лица со слаб успех (учење) 40%. Наеднаш во средно образование телесните се искачуваат на 23%, а оние со слабо учење на 14%. Методологијата на испитувањето беше направена анонимно на 1995 испитаници. Овој податок ја подгреа нашата заинтересираност да направиме проект со Македонското научно друштво и општината.

Со други зборови, на оваа конференција се создаде критична маса за заедничко дејствување на повеќе фактори во процесот, кои до сега и соработуваа институционално или вонинституционално, а сега со заеднички решенија и насоки, научно елаборирани и поткрепени. Се надеваме дека овој придонес ќе донесе напредок во целокупниот процес кој се спроведува.

„МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ НА ТРИБИНА ВО КИЧЕВО

На 18.10.2014 година, во Кичево беше успешно изведена трибина и едукативна работилница за мултипла склероза, физијатриски третман, срцеви заболувања итн. „Мобилност Битола“ учествуваше со засилена екипа. На

истата се презентирани сознанија и нови принципи во пристапот кон мултипла склерозата. Нашите членови зедоа активно учество во дискусијата и сметаме дека ваквиот начин, со сите позитивни практики на примена, ќе овозможи нашето членство поподготвено да ги пречекува сите предизвици од состојбите кои го обременуваат начинот на живеење. Посетеноста беше на високо ниво, а домаќините добро ја сработија својата задача.

„МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ ТРИУМФИРАШЕ НА „ТОРТИЈАДАТА“ ВО СТРУМИЦА

На 25.10.2014 година, екипата на „Мобилност Битола“ составена од Лидија Велјановска, Снежана Јанева и Сотир Јоновски (логистика) го освои првото место на престижната манифестација „Тортијада“, организирана

од „Мобилност Струмица“, а под покровителство на „Мобилност Македонија“. Како и секогаш, манифестацијата е посебно почестена со присуството на градоначалникот на Струмица, Зоран Заев, кој постојано ги посетува и спонзорира ваквите настани на телесните инвалиди.

„Тортијадата“ вообичаено има заеднички термин со квиз-натпреварите поддржани од „Мобилност Македонија“, а екипата на „Мобилност Битола“ во состав Николче Станојоски, Трендафил Јовановски и Стеван Цветановски, годинава го освои четвртото место. Сите учесници во настаните максимално ги прикажаа своите умеења и знаења, постигнувајќи го очекуваниот резултат во овој момент.

На „Тортијадата“, настапот на нашата екипа беше на највисоко ниво, со креација која не дозволуваше да биде пониско од првото место, а ремек-делото на нашата екипа ја носеше пораката од истоимениот проект на „Мобилност Битола“ – „И ние сме дел од вас“. На оваа оценка се придружија и членовите на жирито, кои едногласно го доделија првото место. Ова што се случи сега е веќе долгогодишен од со прекрасни креации, кои секогаш носеа силна порака која не ги оставаше рамнодушни сите присутни. Сега, со големо медиумско покривање, се постигна и најсилниот впечаток. На овие манифестации членовите на „Мобилност Битола“ излегуваат побогати за уште едно искуство кое ќе биде драгоцено во иднина. Сите ние им честитаме за успехот и им посакуваме уште бројни победи и достигнувања!

„МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ НА ТВИНИНГ-ПРОЕКТОТ ВО БИТОЛА

Како активен субјект во ЛЕСС Битола, повеќе од две години претставниците од „Мобилност Битола“ активно учествуваат во овој проект поддржан од Европската Унија. Овој пат активностите се одржаа во Центарот за вработување во Битола. Како експерти обучувачи се гостите Аксел Буергер и Јохен Бозел од Германија и Нијоле Макевичиене и Антанас Пимпе од Литванија. Настанот го отвори Јесим Сефуловска од Агенцијата за вработување. Нашите претставници Фанче Ѓеоргиевска и Лидија Велјановска успешно ја претставија „Мобилност Битола“ во дискусии и иницијативи, како во креирање на настаните во идни-

от период, така и во предлози за активности за ранливите групи каде и спаѓаат лицата со инвалидност.

Треба да се спомене дека во развојниот план од ноември се очекува поддршка на Центарот за вработување за организирање на саем на трудот со изработка на анализа за потребите на пазарот на трудот со промоција на ЛЕСС во медиумите, во декември – обука за подготвеност на работа на лицата со инвалидност за компјутерски јазик, занаети и вештини за вработување, во јануари – иницијатива за програма за преквалификација

и доквалификација, во февруари – состанок на ЛЕСС Битола и обука на работодавци и обучувачи за работа со ранливи групи и во март – саем за промоција на ракотворби на лицата со посебни потреби, посебен ангажман на „Мобилност Битола“ во работата на ЛЕСС. Ваквата активност е за поздравување и ние им даваме најголема поддршка.

Нико Јанков

РАБОТНА ПОСЕТА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА РЕСЕН ВО КАНЦЕЛАРИЈАТА НА „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ ВО РЕСЕН

На 13.11.2014 година, во рамките на активностите на членовите на „Мобилност Битола“, канцеларија Ресен, беше успешно остварена средба со градоначалникот на Ресен, м-р Ѓоко Стрезовски и неговите соработници. На средбата стана збор за повеќе аспекти на соработката со локалната самоуправа, со која впрочем имаме одлични односи и разбирање.

Во оваа пригода, пред повеќе од дваесетина членови на здружението предводени од раководителот на канцеларијата Нада Тановска, Сотир Чаушевски, Роберт Ламановски, д-р Сања Андоновска и Николчо Ристевски како иницијатори и во присуство на претседателот на „Мобилност Битола“, прим. д-р Нико Јанков, секретарот Митко Фидановски и членот на УО, Фанче Ѓеоргиевска, се расправаше за неколку аспекти од наредните активности на „Мобилност Битола“ во Ресен.

Како прво, градоначалникот Стрезовски беше исцрпно запознат со продолжението на проектот „*И ние сме дел од вас*“, во чии рамки, и во Битола и во Ресен, целна група ќе бидат наставниците од основните и средните училишта. Со ова ќе се постигне почетна едукација на наставниот кадар во препознавањето на лицата со инвалидност и нивниот поглед за позитивно менување на свеста на средината за оваа категорија на лица.

Втората информација се однесуваше на простор во непосредна близина на канцеларијата, кој, ако би се добил, би се користел како центар за активности од различна природа (спортски, рекреативни, занимална и други поголеми активности). Третата информација е со постапното решавање на архитектонските бариери во доменот на локалната самоуправа, обележување на паркинзи, приспособување на тротоари, правење рампи, а т.н. четврта информација е за дислокација на саатот за струја во другиот дел и решавање на проблемот со струјата. Како петта и значајна информација е решавањето на добивање на кабелска и интернет-конекција, по можност по најповолни услови или гратис. Шесто, решавање на пристапот пред надворешната врата со рампа како пред салата.

Особен интерес предизвика информацијата за донации. Имено, постои реална можност за добивање на адаптирано комбе од донатори од Австралија, а би било добро доколку општината се јави како примач и давател на услуги. Оваа информација беше добро разработена и елаборирана со сите аспекти на позитивни и дискутабилни ситуации кои следат.

Ислушувајќи ги сите наши дискусии и барања, градоначалникот изрази подготвеност за соработка и решавање на проблемите со сите ресурси кои му стојат на располагање, како и личен ангажман во Советот на општината кога ќе се решаваат овие барања. Се разделивме во добра и срдечна атмосфера, со отворена можност да се разгледуваат сите проблеми и да се решаваат со сите можни средства.

СЕДНИЦА НА ЛЕСС ВО ГРАДСКОТО СОБРАНИЕ ВО СКОПЈЕ

На 5.11.2014 година се одржа редовната седница на локалниот економско-социјален совет (ЛЕСС) во Градското собрание на Град Скопје каде што нашето здружение „Мобилност Скопје“ на уредната покана од нивна страна и овој пат присуствуваше. Нивните редовни покани, како и нашето редовно присуство покажува дека ние сме една сериозна иако надворешна сепак достојна компонента на толку високо котирано друштво каде што сериозноста во извршувањето на дејствијата донесени на нивните состаноци се на високо ниво.

Состанокот си го имаше својот редовен протокол, односно почеток во договорен термин, присуство на сите поканети членови внатрешни и надворешни, водител на состанокот беше претседателот Тихомир Климовски и неговите блиски соработници, сублимирање на донесените одлуки од претходниот состанок во Берово, донесување, односно изгласување на новиот дневен ред за тековната седница, расправа по точките, предлози за изменување и дополнување на истите, како и договор за понатамошните дејствија во наредниот период.

За нас и нашите членови најинтересна беше точката 5 од деловодникот каде што стануваше збор за приоритетите на младината (основци, средношколци и студенти) во однос на нивното школување, едукација, здравствено подобра состојба, менторство во практичното изведување на обврските во релација фирма-школо (која треба да почне со спроведување во веќе поставените рамки на проектот за менторство во фирмите и образованието како еден голем двигател на добивање стручни и обучени кадри во одредена професија и подобрување на квалитетот теорија-практика).

Нашето присуство на состанокот го искористивме токму во овој дел каде што мислевме дека тоа е најпотребно за нас од фелата на инвалидите. Ќе истакнеме тука една теза заснована од посилни умови, а тоа е дека севкупната состојба на личноста колку што зависи од многу аспекти, сепак се сведува на тоа дека неговата ментално психичко-социјална состојба е една од приоритетите во неговото живеење, и токму затоа оваа теза треба да се линкува со овој предлог на ЛЕСС каде би рекле дека едуцирањето на инвалидите е најголема отскочна штица во нивниот живот. Тогаш тие се помоќни, посигурни во себе и спремни да одговорат на предизвиците што ги носи животот. За таа цел инклузијата во школувањето (со едноставна и возможна пристапност до едукативните школи, толеранцијата за нивната телесна оштетеност но здрав ум, финансиската состојба на истиот и сл.), можноста за достигнувањето на нивото на доградување на интелигенцијата на инвалидниот ученик и за на крај како финален професионален работник во некоја фирма, е она за кое ние како здружение „Мобилност“ се бориме да го постигнеме за нашите членови. Со тоа ќе се обидеме да им го резервираме и зацврстиме достоинственото место во севкупното живеење како рамноправни граѓани на ова државно уредување.

Нашето кратко образложение изнесено по повод оваа точка беше внимателно проследено, внимателно одговорено и потврдено дека ќе се проследи. За истото по оддржувањето на состанокот до одговорните на ЛЕСС им приложивме мислења и барања во писмена форма.

Добивањето на позитивен сигнал и добрата поддршка дека сериозно ќе се пристапи кон одлучување на приоритетов по ова прашање за нас беше од огромно значење и во надеж за спроведување на истото остануваме со желбата за долго времетраење на соработката со ЛЕСС.

Христина Просковска

„МОБИЛНОСТ РАДОВИШ“ СО НОВИ ПРОСТОРИИ

Во изминативе 12 месеци, раководството на „Мобилност Радовиш“ вложи големи напори за обезбедување на нови простории во кои ќе работи здружението. Оваа потреба особено дојде до израз по прокиснувањето на покривната конструкција, како и по обилните пролетни дождови при што накиснаа од влага досегашните простории на здружението во обем што беше штетен за здравјето на членовите кои престојуваат во нив, особено за членовите на органите и телата на здружението.

Нашите напори за обезбедување на нови простории беа насочени кон локалната самоуправа, пред сè кон Градоначалникот на Општина Радовиш, Сашко Николов, Претседавачот на Советот на Општина Радовиш, Никола Миовски, пратеничката од Изборна единица 3 од Радовиш, Натка Ципушева и други лица кои имаат надлежности при носењето одлуки и градењето стратегии за развој на општина Радовиш.

Ја прифативме понудата од Градоначалникот да разгледаме една просторија во склоп на спортската сала „25 Мај“ во Радовиш. Просторијата ја разгледавме, утврдивме дека ги задоволува нашите барања (и покрај потребата од одредени интервенции за санација и реновирање на истата) и известивме дека истата прифаќаме да биде седиште на здружението.

По извршените поправки и интервенции, конечно на 13 август 2014 година извршивме преселување на основните средства за работа и инвентар на здружението во новата просторија, со што почнавме со работа на новата локација. За да се обезбеди пристапност на објектот за лица во количка поставивме метална рампа на влезот во спортската сала.

Здружението сега располага со просторија од 31 м^2 во која се сместени двете бироа за канцеларско работење, клуб-маса со шест фотелји за пречек на гости и три работни маси со 12 столчиња за одржување на состаноци. Имаме целосно опремена кујна (со довод и одвод на вода) со две работни маси, со што се добива домашна атмосфера во канцеларијата.

Со ова се создадени одлични услови за работење на органите и телата на здружението.

Сакам да изразам особена благодарност до донаторите за финансиските средства за новата просторија на „Мобилност Радовиш“. А тоа се: „Мобилност Македонија“ Скопје, Општина Радовиш и рудникот за бакар „Бучим“ – Радовиш.

Имајќи предвид дека во следната година ќе има избори и ќе се изберат нови членови на органите и телата на здружението, со оваа успешно завршена активност ќе заврши успешниот мандат на досегашното раководство.

Васил Томов
„Мобилност Радовиш“

КРЕАТИВНА РАБОТИЛНИЦА ВО НОВИ КНЕЖЕВАЦ ПОД МОТОТО „ЖИВОТОТ Е УМЕТНОСТ“

Почестени со поканата на збратименото здружение од Нови Кнежевац и нивната една и единствена претседателка Славица Зориќ, за прв пат со голема веродостојност нашите членови на креативната работилница при „Мобилност Скопје“ имаа можност да се почувствуваат како „студенти“ на академијата за ликовна уметност. Причината за тоа чувство, секако, беше извонредно обмислената организација на часовите, професионалните уметници кои ни ги пренесуваа нивните искуства и кои

се потрудија за исклучително брз временски рок да ги пренесеме на финална креација, техничката поддршка на целокупниот простор приспособен за таа намена и сигурно на крај симбиозата е цела со постоењето на желбата за дружењето кај сите нас.

Успехот на секоја исполнителност, секако, е дисциплината во извршувањето на работните задачи за која можат сите наши членови (Марина Сурловска, Гоце Миновски, Сашо Тодоровски, Невенка, Дејан Ѓорѓиевски, Христина Просковска) да се пофалат. Првите нови искуства почнаа со запознавањето со техниката **витраж** и нејзиното практицирање. Витражот е техника на декорација на стакло која дава голема слобода во изразувањето и можност секој креатор да го оствари делото на својот начин и стил. Овој пат се обидовме со принтерско прекопирање на мотивот, негово боење и контурирање да се обидеме да создадеме дела за кои како тим сигурно би биле оценети со солидна студентска осумка. Витражот беше специјалност на нашата домаќинка Славица и професорската палка ќе и ја доделиме нејзе.

Втора техника која го збогати нашето уметничо творење во областа на сликарската уметност беше decoupage. Тоа е техника на сецкање, лепење, бојадисување, моделирање и креирање на слики врз цврста материја (дрво, метал, стакло) која не дозволува да се моделира со нејзиното наводнување од боите или лепакот при што сликата ќе остане во својата правилна форма. По исходот од сработеното, но и за целиот процес на изработувањето можам слободно да потврдам дека нашата менторка или како ние си ја нарекувавме професорката Марија беше фасцинирана и во недостаток на индекси и оценки ни ги подари нашите изработки како спомен за наученото.

Трета техника со која можеме да се пофалиме дека ја совладавме е моделирање со глина, односно формирање на фигури и нивно оживување со бои, сликарски ефекти и нормално фантазија на креаторот.

Четврта техника за која бевме од претходно предупредени дека е можеби најтешката и најпрецизната, беше техниката на цртање мотиви на платно. Духот и упорноста на нашите креативци постави нови граници за совладување на оваа техника со тоа што тешкотијата ја преточи во задоволство и насликаното го потврди тоа.

Збогатени со сите овие нови за нас четири искуства – техники, домаќините не дозволија да ја изоставиме глазурата на дружењето, па ни приредија една макетна трибина на предавање од областа на психологијата. Трибината беше на тема комуникација. Комуникацијата е општ поим и може да биде релација меѓу самиот себе, меѓу двајца, помеѓу екипа и помеѓу големо друштво, но за нас беше особено интересно зошто таа семоќна **комуникација** има толкава експресија во нашата сфера на луѓе со телесен инвалидитет. Часот го надмина својот

предвиден тајминг и заврши со една севкупна дискусија од која многу од нас научија многу повеќе за себе и користење на својата моќ како што виртуелно психологот ја нарече „магично стапче“.

Како резиме на целиот настан може само да се додаде дека работилниците од ваков карактер се неопходно важни и потребни за сите оние креативни души кои трагаат по нови искуства и идеи, па за таа цел изразуваме огромна благодарност до Здружението на Нови Кнежевац, нивните членови и стручни практиканти, како и на нашето здружение за поставената релација за соработка.

Христина Просковска

„МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ НА РАБОТИЛНИЦА НА „МРЕЖА НА МЛАДИ ПРЕТПРИЕМАЧИ“, ПОДДРЖАНА ОД ЕУ

На 6.11.2014 година во хотелот „Епинал“ во Битола беше организирана и успешно изведена работилница од „Мрежата на млади претприемачи“, чиј проект е поддржан од ЕУ. На работилницата беа презентирани сите можности кои можат да ги користат граѓанските здруженија за зајакнување на нивните капацитети во претприемништвото, како и координираноста на владиниот, бизнис и граѓанскиот сектор преку премостување на бариерите за соработка и креирање на долготрајни врски.

На настанот учествуваа и едни од нашите најактивни членови, Фанче Ѓеоргиевска и Сотир Јоновски (членови на УО) и Лидија Велјановска, активист на „Мобилност Битола“. Се говореше и дискутираше за зајакнувањето и одржливоста на граѓанските организации со формирање на активни национални и меѓународни партнерства за подобро искористување на можностите за финансирање преку размена на искуства и идеи од невладиниот сектор.

Нашата тројка покажа висок степен на кооперативност во работилницата, остварувајќи бројни контакти и размена на искуства. Ваквите работилници се добредојдени и со помош на ЛЕСС можат да реализираат бројни идеи. Се надеваме дека овој тренд ќе продолжи во нагорна линија и ќе резултира со нови плодотворни активности.

МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ СО УШТЕ ЕДНА УБАВА АКТИВНОСТ

На 02.10.2014 година (четврток) на градскиот хиподром во Скопје со почеток во 17 часот почна соработката воспоставена помеѓу Мобилност Скопје и Коњечкиот клуб Хиподром. Имено се започна со хипотерапијата за која што членовите на Мобилност Скопје на информативното предавање кое се одржа во декември 2013

година во просториите на ДХО Даре Џамбаз покажаа голема заинтересираност, таа заитересираност продолжи и на првата средба со коњчето каде што десетина дечиња членови на Мобилност Скопје, кои беа дојдени со своите родители, пробаа да се качат и да јаваат на ова најплеменито животно и ја почувствуваа неговата блискост и топлина. Децата беа пресреќни и сакаа што подолго да останат на градскиот Хиподром во Скопје.

Елена Ѓурчиноска

ПУШТЕН ВО УПОТРЕБА НОВИОТ СПОРТСКИ ЦЕНТАР „ЈАНЕ САНДАНСКИ“

Целосно достапен за лица во инвалидска количка

На 27.8.2014 година градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски, заедно со претседателот на Владата на Република Македонија, Никола Груевски, во присуство на голем број граѓани на свечен начин го пуштија во употреба новиот спортски центар „Јане Сандански“.

Со изградбата на новиот спортски комплекс спортистите добија достојни услови за тренинзи и натпревари, граѓаните убав и репрезентативен спортски објект, а лицата со инвалидност пристапен спортски центар изграден согласно со законите и стандардите на ФИБА и ЕХФ. Инвенститорот Сергеј Самсоненко во изградбата на комплексот вложи повеќе од 15 милиони евра.

Новиот спортски центар е со капацитет за 6500 гледачи, а се изгради на местото на старата спортска сала. Во главната повеќенаменска сала може да се вежба кошарка, ракомет, мал фудбал и одбојка, а покрај неа е изградена и помошна сала за тренинзи со капацитет од околу 1000 гледачи, како и хотел, базен, СПА и модерен фитнес-центар.

Просторот за паркирање е обележан согласно со „Правилникот за начинот на обезбедување на непречен пристап, движење, престој и работа на лицата со инвалидност до и во градбите“, според кој во објектите за спортска и рекреациска намена се изведуваат 5% пристапни паркинг-места во однос на вкупниот број на паркинг-места, но не помалку од едно.

С.П.

РАБОТНА АКЦИЈА НА ЧЛЕНОВИТЕ ОД РЕСЕН

Дали во мојот Ресен, мојата Преспа се случува нешто? Мислам дека се случува. Се случува она што со години никој не го правеше.

Здружението на телесни инвалиди „Мобилност Битола“, канцеларијата во Ресен, започна активност за уредување на просторот каде што работи и дејствува и за наше големо изненадување се обративме на неколку места за помош и никаде, скоро никаде не бевме одбиени. На сите ним им благодариме за покажаната хуманост и овозможената помош.

Потребно беше решавање на осветлувањето на просторијата, поправка на инсталацијата и поставување

на светилки надвор, поправка на водоводот, поправка на оштетени ѕидови, набавка на столчиња, поставување на под, изработка на пристапна рампа до просторијата, изработка на држачи или пармаци. **„Неби комерц“** ни го донираше целокупниот материјал за изведбата на електроинсталацијата. Материјали за поправка на ѕидот ни донира **„Преспа промет“**. Изведбата на поправката и реконструкцијата на електричната инсталација ја извршија двајца наши пријатели Благоје Василевски и Киро Горгиоски. Поправката на водоводот ја изврши нашиот ценет помагач Душан Пешевски.

Бизнисменот Лазе Мицалевски ни помогна со помош во средства за хигиена за кои сме му многу благодарни, а цвеќарницата **„Арт дизајн“** ни подари материјал за декорирање со што ќе ја направиме просторијата поубава, за лицата со инвалидитет кои ќе доаѓаат во таа просторија да се чувствуваат попријатно.

Средниот училиштен центар „Цар Самуил“ и основното училиште „Гоце Делчев“ во Ресен ни донираа столчиња кои со мало реновирање ќе бидат целосно во употреба. Поправката на ѕидот, малтерисувањето го изврши фирмата „**С.С. Монтер**“, Сашо Секуловски-Спако и Владо Николовски. Истовремено се работи и на поставувањето на ламинатот за што се ангажираа работниците Рамче и Садик. Деновиве е преземена обврска од страна на стакларницата **„Христи“** и **„Монтинг инженеринг“** од Битола за изработка на пармаци во просторијата, тоалетот и надворешната страна. Тие се навистина премногу потребни за пристап на инвалидите во инвалидски колички.

Деновиве треба да се постави кабелска телевизија, Интернет и телефон. Исто така, од големо значење е тоа што деновиве се изработи и пристапна рампа кај спортската сала **„Зоран Стојановски“** со што на инвалидите им се обезбеди и пристап на натпреварите во спортската сала. За оваа акција особено го пофалуваме и му се заблагодаруваме на нашиот градоначалник м-р Ѓоко Стрезовски.

Треба уште многу да се прави. Премногу заостануваме зад другите општини, но ние и не застануваме тука, ние ќе работиме колку што се може. Немаме намера да потклекнеме на проблемите. Веќе се сликаат сите места каде што треба да има паркинг или пристапно место за премин на инвалидите. Барањето ќе биде доставено до Советот и Градоначалникот на Општина Ресен која во овој поглед доста заостанува зад сите општини во Република Македонија.

На сите кои ни помогнаа, им се заблагодаруваме од сѐ срце, нивната помош за нас е драгоцена. Нам не ни е важно кој колку донирал. Некој повеќе, некој помалку, нам ни е важна акцијата.

Ние искрено се надеваме дека ќе наидеме на целосна поддршка и понатаму, затоа што тоа и го заслужуваме, затоа што НИЕ СМЕ ДЕЛ ОД ВАС, затоа што и ВИЕ СТЕ ДЕЛ ОД НАС.

Сотир Чаушевски – Ресен

XVII „ТОРТИЈАДА“

Здружението на лица со телесен инвалидитет „Мобилност Струмица“ оваа година по XVII пат успешно ја организира својата традиционална манифестација „Тортијада“. Оваа наша манифестација ја чуваме и негуваме за најбитното, т.е. за нашето заедничко дружење и за љубовта која се излива низ тоа дружење. Човекот е роден слободен, ние не сакаме да се скриеме, туку да бидеме едни покрај други. Така и оваа манифестација има цел да придонесе во подобрување на културно-забавниот живот на лицата со телесен инвалидитет.

Оваа година учествуваа единаесет здруженија од Македонија и навистина ги покажаа своите слаткарски вештини и изработија прекрасни торти. Домаќините „Мобилност Струмица“ изработија козметичка торта,

„Мобилност Радовиш“ – стадион, „Мобилност Куманово“ – цветна торта, „Мобилност Тетово“ – подготовка на тетовско гравче на стар начин, „Мобилност Кочани“ – замокот на Снежана и седумте џуџиња, „Мобилност Велес“ – песочна торта, „Мобилност Штип“ – витамин-

ска кошничка, „Мобилност Битола“ – „И ние сме дел од вас“, „Мобилност Гевгелија“ – „Смоквијада“, „Мобилност Кавадарци“ – часовник, „Мобилност Кичево“ – Црква „Св. Ѓоргија“ и „Мобилност Скопје“ – љубов и мир. Изработените торти ги оценуваше тричлена жирикомисија составена од вешти жени. Оваа година тортата на „Мобилност Битола“ – „И ние сме дел од вас“ го освои првото место, а како второнаградена беше тортата на „Мобилност Кочани“ – Снежана и седумте џуџиња. Оваа година третото место го делат тортите на „Мобилност Кичево“ – Црквата „Св. Ѓоргија“ и на „Мобилност Тетово“ – подготовка на тетовско гравче на стар начин. Останатите учесници беа наградени со скромни подароци од нашиот покровител „Фармаси козметикс“ – Штип. Овогодинешната „Тортијада“ беше збогатена со уште една торта која не зема учество во натпреварувачкиот дел бидејќи беше подарок од нашиот помагател „Медикус хелп“ – Скопје, и истата торта беше подарена на медицинскиот персонал од Советот на Општина Струмица. По прогласувањето на победниците на овогоди-

нешната „Тортијада“, тортите им беа послужени на присутните гости, меѓу кои како и секоја година, па така и оваа, беше присутен и градоначалникот на Општина Струмица Зоран Заев со сопругата и дел од советниците при Советот на Општина Струмица. Така продолжи забавата до доцна во ноќта наслаДувајќи се со вкусните торти и прекрасната музика на групата „Sвезди“ кои ја збогатија и ја развеселија атмосферата.

За крај, молба до сите членови кои не се појавуваат во локалните здруженија, или се појавуваат само кога има нешто за честење. А појавувањето само тогаш и на таков начин е под секое достоинство. Драги наши членови, доаѓајте да се дружиме, да дискутираме, да си ги искажеме желбите, неправдите, радостите и љубовта. Сме живееле и во многу потешки години и пак сме опстанале, така што ќе опстанеме и сега. Но, годините минат и животот се повеќе добива „боја на земја“. Затоа излезете, посетете го вашето здружение, да испиеме кафе, чај, да размениме поздрави. До следната слатка манифестација „Тортијада“ Ве поздравуваме и посакуваме романтична зима, полна здравје и многу љубов!

Мери Туџарова

БЕСПЛАТНО ЗДРАВСТВЕНО ПРЕДАВАЊЕ

„Мобилност Скопје“ во соработка со „Каливита Интернешнал“ (Calivita Internacional) на 14.10.2014 година, во просториите на ДХО „Даре Џамбаз“ одржа бесплатно здравствено предавање на тема „Производите на ‚Каливита‘ во функција на подобрување на здравјето кај лицата со телесен инвалидитет“. Предавањето го одржа д-р Ванчо Поп Петровски, редовен професор на Факултетот за физичка култура и тренер по гимнастика, кој освен што се осврна на дел од богатата палета на производи од „Каливита“ кои наоѓаат примена кај лицата со телесна инвалидност, на присутните им демонстрираше и практични вежби кои овие лица можат да ги прават во домашни услови и пред сè во седечка состојба поради својата локомоторика. Присуствуваа околу триесет посетители, кои беа презадоволни од предавањето и интерактивно се вклучија во вежбите. Предавањето беше надополнето и од Здраве Колев, извршен директор на „Каливита“ во Македонија, кој ги запозна присутните со системот по кој „Каливита“ ги пласира своите производи – МЛМ (Multi Level Marketing). Домаќин и водител на ова бесплатно здравствено предавање беше Николчо Делов, консултант на „Каливита Интернешнал“, инаку член на „Мобилност Кавадарци“.

Елена Ѓурчиноска

ОД ШТО ЗАВИСИ ДАЛИ НЕКОЈ ЌЕ ПОМОГНЕ?

Степенот на развој на едно општество се огледа и врз тоа дали во меѓучовечките односи има повеќе позитивно (про)социјално однесување, дали има повеќе хуманост и грижа, особено за слабите, беспомошните и децата. Човекот е и социјално битие. Развојот на секоја човечка индивидуа и функционирањето на човечката заедница зависат од тоа како луѓето се однесуваат едни кон други, како и од мотивите кои се наоѓаат во основа на тоа однесување. Без позитивна насоченост на луѓето едни кон други, без грижа за беспомошните и заемно помагање не би бил можен индивидуален развој, ниту општествениот напредок.

Карактеристики на негативната страна на човечката природа се бесот, насилност, завист, егоистичкото и агресивното однесување, додека позитивното однесување ги опфаќа добрината, сочувството, соработката, љубовта, поддршката, помагањето и грижата.

Алтруистичко однесување е она однесување кое се прави свесно и намерно со желба да се придонесе за добробит на другиот без очекување на лична добивка.

Врз подготвеноста некој да даде помош влијаат општествените поделби, нашите приоритети, социјализацијата и многу други социјални и психолошки фактори. Сите фактори се класифицирани во две групи: ситуациони и индивидуални фактори на помагање.

I. СИТУАЦИОНИ ФАКТОРИ НА ПОМАГАЊЕ

„Едно попладне, четириесетина студенти од Принстонскиот теолошки факултет, чекале, како практика, да одржат краток проповед која ќе биде оценета. На половина од студентите им била зададена некоја случајно одбрана библиска тема. На другата половина од студентите им била зададена параболата за Милостивиот Самарјанин), кој застанал да му помогне на некој непознат кој бил повреден покрај патот по кој наводно поминале „побожни“ луѓе и не обрнале внимание на него.

Студентите работеле заедно во една просторија, а на секој петнаесет минути по еден студент излегувал и заминувал во друга зграда за да ја одржи проповедта. Никој не знаел дека учествува во експериментот за алтруизам.

Патот ги водел право низ една врата покрај која лежел некој човек кој стенкал поради очигледната болка. Од четириесетте студенти, дваесет и четири само поминале не обрнувајќи внимание на човекот кој болно јачел.

А оние што окаѓале на9 ѿоука̄та за Милоста̄вивиоѿ Самарјанин не биле склони, ниште ѿовеќе о9 ѿреѿхо9ниѿе, 9а заста̄нат и 9а му ѿомо̄гна̄т на човекоѿ кој лежел".

За некој да даде помош прво треба тој да забележи дека на некого му е потребна помош. Обичното обрнување на внимание ни овозможува да ја изградиме емоционалната врска. Кога не постои внимание, тогаш не може да се појави емпатија.

Но, воочувањето на потребата за помош зависи и од тоа колку е јасна ситуацијата. Таа не треба да биде двосмислена, туку треба да биде јасна. Луѓето во нејасни ситуации помалку помагаат бидејќи не сакаат да преземат нешто што би било неадекватно.

Дали луѓето ќе помогнат зависи и од тоа колку е јасен начинот на кој може да се помогне. За намалувањето на нејасноста на начинот на помагање придонесува компетентноста на самиот помагач. Барањето за помагање треба да биде проследено со упатство (инструкција) како и со тоа што треба да се преземе. Ако ситуацијата бара повеќе иницијатива од потенцијалните помагатели веројатноста дека до помагање ќе дојде е помала.

Помагањето зависи и од природата и степенот на потребата за помош, како и од проценката за можните последици ако помошта не се даде. Истражувањата покажале дека помошта почесто ја добиваат луѓето кои имаат поголеми тешкотии со нозете (не можат да станат) отколку оние чии тешкотии се помали, на пример, кои отежнато се движат (Стауб, 1974). Но, некогаш се случува на луѓето кои се наоѓаат во поголема неволја помалку да им се помага затоа што набљудувачите проценуваат дека помагањето на овие луѓе повеќе „чини", бара поголемо лично вложување, поголемо жртвување и дека тоа може да биде и опасно.

Со испитувања (Latane и Darley, 1970) е утврдено дека побрзо се помага кога потенцијалниот помагач е сам со лицето на кое му е потребна помош отколку кога има и други личности кои би можеле да помогнат. Со порастот на бројот на потенцијални помагачи опаѓал процентот на испитаници кои прискокнувале на помош. Присуството на другите има инхибиторно дејство поради дифузијата на одговорност, како и поради бојазливоста на поединците во присуство на другите да не направат нешто што другите би го оцениле како неадекватно. Присуството на другите лица влијае луѓето помалку да помагаат бидејќи ситуацијата се оценува како помалку сериозна и опасна. Во присуство на другите помалку се помага и поради тоа што другите претставуваат норми за однесување и се размислува на следниов начин „ако другите ништо не преземаат, зошто јас би го правел тоа". Но, поединецот може да помогне и во присуство на другите ако поседува способности кои се потребни за давање на одреден вид на помош или ако има посебен однос со лицето кое е во неволја или доколку положбата и улогата која ја има му налагаат да преземе нешто, односно да даде помош (Стауб, 1979).

Но, на луѓето им се помага и независно од бројот на присутните лица и независно од потребното лично вложување, а тоа се објаснува со неможност да се избегне помагањето. Луѓето на прометни градски улици секаде во светот помалку се склони да понудат помош. Експериментите покажале дека на лицето во неволја кое се наоѓа на улица почесто му приоѓаат минувачите кои се наоѓаат на истата страна од улицата отколку оние кои се наоѓаат на другата страна (Staub и Baer, 1974).

Врз тоа дали некој ќе помогне има влијание и близината на личноста на која и е потребна помош. Тоа се објаснува со желбата да се избегне осудата од страна на околината или од страна на самото лице на кое треба да му се помогне, но близината на лицето во неволја може да влијае и да се активираат персонални вредности и норми кои го поттикнуваат помагањето.

Врз помагањето влијае и проценката дали помошта ќе биде одобрена или осудена, односно влијае проценката на социјалната пожелност на очекуваното однесување. Докажано е, а тоа го потврдуваат и вистинските животни ситуации, дека нормата за помагање на лицето во неволја се крши поради придржување кон некоја друга социјална норма, на пример, нормата која налага послушност може да биде посилна од нормата за потреба за помагање во неволја. Во таа насока е значаен експериментот на Милграм, во кој возрасни испитаници давале се посилни електрошокови на луѓето кои биле учесници во експериментот, кои погрешно одговарале само затоа што експериментаторот ги поттикнувал и тоа го барал од нив! Луѓето поради послушност честопати одбиваат да укажат помош на оние на кои таа им е потребна. Тоа го покажал и експериментот, кој е наведен на почетокот на овој текст, во кој учествувале студенти по теологија, кои брзајќи да го извршат налогот од експериментаторот, поминале без да застанат покрај лицето кое беспомошно лежело (Darley и Bastón, 1973). И во животот луѓето често придржувајќи се на една социјална норма прекршуваат некоја друга, а со својата обсирност кон некои луѓе загрозуваат други.

Давањето помош зависи и од моменталното расположение и од општата психолошка состојба на потенцијалниот помагач. Доброто расположение предизвикува најголема спремност да се помогне, неутралното расположение помала спремност, додека лошо расположените најмалку помагаат. Но, постојат и наоди кои

покажуваат дека и позитивното и негативното расположение (предизвикано со загрозување на другите) повеќе придонесуваат за укажување на помош отколку неутралното расположение. Но, лошото расположение кое е предизвикано со некое друго негативно искуство обично ја намалува подготвеноста за помагање.

Постојат различни објаснувања зошто луѓето помагаат. Чалдини, Дерби и Винсент сметаат дека алтруизмот претставува начин кој луѓето го користат за да се чувствуваат подобро, значи, помагањето има функција да го отклони лошото расположение.

Лошото расположение кое е предизвикано од некои други негативни искуства, а не кога ваквото расположение е предизвикано со загрозување на другите, обично ја намалува спремноста на луѓето да помогнат. Истражувањата покажале дека луѓето кои гледале тажен филм биле помалку спремни да дадат доброволен прилог отколку луѓето кои гледале филм со неутрална содржина.

Доброто расположение ја зголемува способноста на когнитивното функционирање на поединецот, придонесува за подобро воочување на потребите на другите и на погодните начини да им се помогне, ја зголемува способноста за емпатија која, пак, придонесува за просоцијално однесување.

Моделот на хедонистичко балансирање од Стауб објаснува дека помагањето не зависи само од моменталната состојба на потенцијалните помагачи, туку дека помагањето зависи од тоа како тие ја проценуваат ситуацијата на другата личност во споредба со нивната сопствена ситуација и нивното расположение.

Дејствието на ситуационите фактори не е едноставно и еднозначно и тоа треба да се согледува во содејство со индивидуалните фактори.

II. ИНДИВИДУАЛНИ ФАКТОРИ НА ПОМАГАЊЕ

Индивидуалните фактори на помагање може да се поделат на: 1. социодемографски карактеристики и социјални улоги поврзани со овие карактеристики (пол, возраст, национална и културна припадност, класна припадност, социјално потекло, образовно ниво) и 2. црти на личноста.

1. СОЦИОДЕМОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

ПОЛОВА ПРИПАДНОСТ – Се верува дека мажите се поподготвени да помогнат во ситуации во кои има елементи на опасност или бара одредени вештини. Но, во ситуации кога жените се сами и кога одговорноста е сосредоточена на нив тие и во опасноста помагаат исто колку и мажите.

ВОЗРАСТ – Истражувањата (Раштон, 1980) покажуваат дека со возраста расте обемот и интензитетот на позитивно социјално однесување, а оваа појава се должи на когнитивниот развој преку кој настанува разбирање на себе си и на другите, а тоа доведува до морално судење.

КУЛТУРНА ПРИПАДНОСТ – податоците од истражувањата за влијанието на националната култура врз помагањето не се доволни за поширокі констатации и заклучоци

.

2. ЦРТИ НА ЛИЧНОСТА

Истражувачките наоди укажуваат на поврзаноста на следниве карактеристики на личноста и помагањето: помагаат луѓе со просоцијална ориентација, со чувство на (социјална) одговорност, емпатија, грижа за други, заинтересираност за добробит на другите, помагаат оние што имаат морални и хумани, просоцијални вредности и кои имаат развиена моралност, односно повисоко ниво на морално резонирање и алтруизам. Меѓутоа, се нагласува дека овие наоди не се еднозначни и дека се само делумно потврдени.

Милован Србиноски, психолог

ПОГОЛЕМА КОНТРОЛА ВО ДВИЖЕЊЕТО НА ТЕЛОТО

На 14.09.2014 година во просториите наМобилност Скопје се одржа информативно предавање – „Како со помош на АБР, кај децата со ЦП и други проблеми со моториката, се постигнува поголема контрола во движењето на телото и поголема контрола врз движењата“. На предавањето присуствуваа членови на Мобилност од Скопје и Куманово. По внимателно проследеното предавање беа поставувани прашања од страна на слушателите поврзани со методата АБР, како може да ја подобри состојбата кај излезен колк од лежиште (исчашен колк), кај епи напади и дали може да се комбинира со друга метода како на пример Војта методата. Исто така беа претставени и најновите техники на вежбање. Го одржа и предавањето и одговараше на прашањата Весна Гасовска Габелоска, обучен АБР тренер.

Елена Ѓурчиноска

НАГРАДНА ИГРА

Наградното прашање од минатиот број на весникот гласеше:

„Мобилност Македонија“ во 2016 година ќе одбележи и прослави повеќегодишен јубилеј од своето формирање и работа. За кој јубилеј станува збор?

Точниот одговор на ова наградно прашање гласи:

„Мобилност Македонија“ во 2016 година ќе го одбележи јубилејот 30 години од формирање и работа.

Наградата – викенд за две лица во хотел „Цар Самуил“ во Банско, Струмица, со платени трошоци за превоз во висина на автобуска карта, сметаме дека е доволен мотив читателите да се потрудат околу точниот одговор на наградното прашање и во поголем број да учествуваат во наградната игра.

На седницата на Уредувачкиот одбор на весникот „Мобилност“, од пристигнати речиси 30 пликови, половината беа од Велес, а среќниот добитник го извлече д-р Нико Јанков.

Најмногу среќа и точен одговор имаше членот од „Мобилност Велес“: **Вања Павлова**

Донатор на оваа награда се сопствениците на хотелот „Цар Самуил“ во Банско, Струмица. Сите информации поврзани со реализацијата на наградата добитникот ќе ги добие од генералниот секретар на „Мобилност Македонија“, на телефонскиот број 02/3211-280

Наградното прашање за овој број на весникот гласи:

Која година „Мобилност Македонија“ треба да одржи редовни избори за избор на претставници на здруженијата на лица со телесен инвалидитет здружени во „Мобилност Македонија“, во Собранието на „Мобилност Македонија“?

Сметаме дека одговорот на ова прашање не е тежок, но малку ќе Ви помогнеме со тоа што ќе Ви кажеме дека треба само да го читате весникот „Мобилност“ и ќе го дознаете одговорот.

Вашите одговори на прашањето праќајте ги во затворен плик на адресата на „Мобилност Македонија“ (ул. 11 Октомври бр. 42-а – Скопје), со назнака „За наградна игра“, најдоцна до 15 јануари 2015 година.

Право на учество имаат само редовните членови на „Мобилност Македонија“. Наградата е непренослива, односно може да ја користи само оној што ја освоил.

Почитувани читатели, Вие кои го знаете одговорот на наградното прашање и кои сте оптимисти па верувате во својата среќа, земете учество во наградната игра. Со тоа ништо не можете да загубите, а можете да добиете шанса, заедно со својот придружник, да си поминете еден прекрасен викенд во бањата Банско во Струмица.

С. Прчева



ОДРЖАНО XXVI ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ВО ШАХ ЗА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА

На 13.9.2014 и 14.9.2014 година во хотел „Галеб“ во Струга во организација на Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија „Мобилност Македонија“, се одржа XXVI Државно првенство во шах за лица со телесен инвалидитет на Македонија. На првенството учествуваа 20 натпреварувачи. Главен судија на натпреварот беше Тони Пајдаков, а натпреварувачите играа по швајцарски систем во седум кола со темпо на игра од 30 минути по играч.

На крајот на првенството кое се одржа во исклучително фер и коректна атмосфера, првото место го освои Мирослав Бучевски од Скопје со 6 поени, второто место му припадна на Јанчо Ѓорѓевски од Куманово со исто така 6 поени, но послаб прогрес, додека третото место му припадна на Даниел Нуневски од Охрид со освоени 5 поени. Покрај овие тројца натпреварувачи, уште следните сеум се пласираа директно за следното државно првенство, и тоа: Адем Неби од Скопје, Трајко Илиевски од Прилеп, и двајцата со по 5 поени, Ристо Фотевски од Скопје со 4,5 поени, Љупчо Филипов од Кочани, Благој Петровски од Велес, Тоде Арсов од Штип и Васко Стефановски од Битола, сите по 4 поени.

Согласно со пропозициите, правото на учество за следната година го загубија последнопласираните пет натпреварувачи, и тоа: Слободан Димоски, Драгиша Дукадиновски, Иван Ѓорѓиев, Ѓоко Костов и Димче Паунов.

Б.Јовановски

СПОРТСКИ ИГРИ ВО МАТАРУШКА БАЊА

Спортистите на Мобилност Македонија, Зоран Јовановски од Струмица и Спасе Коцев од Радовиш, од 11-13.09.2014 година учествуваа на 22-те Републички спортски игри на параплегичари и тетраплегичари на

Србија кои се одржаа во Матарушка Бања. Поред Зоран Јовановски, кој на спортските игри на Мобилност Македонија годинава го освои првото место, во екипата беа поканети да учествуваат и второпласираниот Александар Јовановски од Скопје и третопласираниот Муштеба

Амети од Охрид, кои од здравствени причини го откажаа своето учество, така да шанса за настап доби Спасе Коцев од Радовиш. На првенството учествуваа 15 екипи од локалните здруженија од Србија, како и претставници од Македонија и Босна и Херцеговина.

Најдобар успех од нашите спортисти постигна Зоран Јовановски освојувајќи 2 први места во својата категорија во копје и ѓуле, како и едно трето место во диск.

Б.Јовановски

ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ВО СТРЕЛАШТВО

На стрелиштето „Бејбунар“ во Охрид на 04.10.2014 година се одржа државно првенство во стрелаштво во организација на Националната федерација за спорт и рекреација на инвалидите на Македонија – Македонски параолимписки комитет.

На првенството беа постигнати следните резултати и пласмани:

Лица со телесен инвалидитет

Воздушен пиштол - микс

1.Оливера Наковска-Бикова, Битола 92 92 94 95 99 95 =567

2.Ванчо Каранфилов, Скопје 90 90 90 90 95 90 =545

3.Лидија Крстеска, Скопје 87 87 88 88 87 92 =529

4.Александар Јовановски, Скопје 88 90 87 88 88 88= 529

5.Митко Фидановски, Битола 87 81 86 84 73 86= 497

6.Златко Биков, Битола 77 70 85 84 78 78 =472

Воздушна пушка - жени

1.Елизабета Тодоровска, Куманово 79 74 75 75= 303

2.Наташа Црвенковска, Битола 59 76 63 62 =260

3.Олга Ристовска, Скопје 64 75 61 56 =256

Воздушна пушка - мажи

1.Новча Тодоровски, Куманово 83 85 78 83= 329

2.Васко Стефановски, Битола 83 80 77 83= 323

3.Ѓорѓи Здравески, Прилеп 69 71 80 80 =300

4.Стеван Ангелески, Прилеп 60 75 77 83= 295

5.Николче Станојевски, Битола 76 74 69 66=285

6.Зоран Јовановски, Струмица 62 60 71 65=258

Воздушна пушка – микс сталак СХ2

1.Снежана Танеска, Охрид 88 83 82 87=340

Глуви и наглуви

Воздушна пушка – мажи (глуви и наглуви)

1.Светлан Седмаков, Скопје 83 80 73 81= 317

2.Мартин Ангелов, Битола 77 81 72 66 =296

3.Даниел Михајловиќ, Скопје 79 65 77 72= 293

4.Горан Митровски, Скопје 70 70 73 70= 283

5.Бурхан Махмудовски, Куманово 73 51 71 59= 254

6.Ѓоко Климовски, Охрид 61 62 55 45= 223

7.Доне Димов, Струмица 36 38 61 49= 184

Воздушен ппиштол – мажи (глуви и наглуви)

1.Светлан Седмаков, Скопје 88 83 82 90 92 97 =532

Б.Јовановски

ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ВО ПИНГ ПОНГ

Во малата сала на спортскиот центар „Биљанини Извори“ во Охрид на 05.10.2014 година, со финансиски подржано од Министерство за труд и социјална политика, се одржа државното првенство во пинг понг во организација на Националниот сојуз за спорт и рекреација на инвалидите на Македонија – Македонски параолимписки комитет.

Медалите ги освоија:

Лица со телесен инвалидитет:

Жени класи 6-10
1.Оливера Наковска-Бикова, Битола
2.Олга Ристовска, Скопје
3.Наташа Црвенковска, Битола

Мажи класи 6-8
1.Рубин Ристески, Прилеп
2.Ванчо Каранфилов, Скопје
3.Томи Јаневски, Скопје

Мажи класи 9-10
1.Страшко Коцевски, Куманово
2.Небојша Ташиќ, Куманово
3.Мите Солтировски, Охрид

Глуви и наглуви лица:
1.Јетон Велију, Охрид
2.Ивица Јовановски, Скопје
3.Томислав Стојаноски, Скопје

Б.Јовановски

СПОРТСКИ ИГРИ ВО ЗЕНИЦА

Спортистите на Мобилност Македонија: Ристо Фотевски од Скопје, Савре Бојковиќ од Куманово и Адем Неби од Скопје, учествуваа на „11-ти Спортски игри на параплегичари и заболени од детска парализа на БиХ“, кои од 06-08.06.2014 година се одржаа во Зеница, Босна и Херцеговина. Заради приватни причини, претходно од настап на игрите се откажаа: Зоран Јовановски од Струмица, Александар Јовановски од Скопје, Муштеба Амети од Охрид и Имер Сефери од Скопје.

Нашите спортисти имаа забележителен успех на спортските игри. Ристо Фотевски и Савре Бојковиќ во атлетика освоија по три медали во поединечна конкуренција во своите категории, додека екипно во шах, заедно со Адем Неби, го освоија третото место и бронзениот медал.

Б.Јовановски

БРОНЗЕН МЕДАЛ ЗА ОЛИВЕРА НАКОВСКА-БИКОВА, ДВЕ ДИРЕКТНИ КВОТИ ЗА РИО ЗА МАКЕДОНИЈА

Македонската репрезентација во стрелаштво за инвалиди во состав: Бранимир Јовановски-тренер и стрелец, Драган Дојчиноски-тим лидер, Оливера Наковска-Бикова, Ванчо Каранфилов и Лидија Крстеска-стрелци, настапи на Светското првенство во стрелаштво кое од 17-27.07.2014 година се одржа во Сул, Германија.

Најголем успех постигна Оливера Наковска-Бикова во дисциплината воздушен пиштол, во која дисциплина е актуелна светска рекордерка. Го освои третото место и бронзениот медал. Со оглед на тоа дека првопласираните три спортистки во оваа дисциплина освојуваа и директна квота за учество на Параолимписките игри во Рио 2016 година, со овој успех таа воедно стана и првиот спортист од Република Македонија која обезбеди директно учество на следните Параолимписки игри, на кои ќе го брани златниот медал од Лондон 2012 година. Во оваа дисциплина нашата втора натпреварувачка Лидија Крстеска го освои 25-то место со резултат од 345 кругови.

Вториот голем успех стрелците го постигнаа во дисциплината 25м спорт пиштол. Во оваа дисциплина по завршување на квалификациите двајца наши спортисти се пласираа во финалето. Ванчо Каранфилов со свој личен рекорд од 565 поени и Оливера Наковска-Бикова со резултат од 562 поени. Согласно пропозициите кои важат од 2013 година, сите поени се бришат и спортистите стартуваат од нула. Во финалето, како поен се смета само погодок во висина од 10,2 поени, што отприлика значи да се погоди во круг од 8 сантиметри на растојание од 25 метри за време од 3 секунди. Ќе си признаете, воопшто не е ниту лесно, ниту едноставно. По завршување на првиот дел од финалето, Оливера Наковска Бикова со 9 погодоци влезе во распукување со кинезот Ни Хедонг за трето и четврто место, додека Ванчо Каранфилов со 7 погодоци го зазеде конечното 7-мо место што носеше и директна квота за учество на Параолимписките игри во Рио 2016 година, бидејќи дел од стрелците веќе имаа освоено квоти во претходните дисциплини меѓу кои и нашата Оливера која на крајот го освои 4-то место во оваа дисциплина.

Голем успех за Оливера Наковска-Бикова и за Ванчо Каранфилов, голем успех за Република Македонија. Освоени 2 директни квоти, останува идната година уште некој од македонските стрелци да освои директна квота на еден од трите квалификациски Светски купови кои ќе се одржат:

-Од 08-15.07.2015 година во Волмеранж, Франција

-Од 12-20.09.2015 година во Сиднеј, Австралија и

-Од 01-08.11.2015 година во Форт Бенинг, САД.

Очекуваме Агенцијата за млади и спорт, како надлежна институција од областа на спортот да го препознае квалитетот на нашите спортисти и адекватно да ги финансира активностите во 2015 година, како за учество на Светските купови, така и за набавка на опрема, материјали и спроведување на тренажниот процес.

Б.Јовановски

НАТПРЕВАР ВО ТАБЛА

Здружението на лица со телесен инвалидитет на Тетово и Гостивар („Мобилност Тетово и Гостивар“) на 15 ноември 2014 година по петти пат беше домаќин и организатор на Републичкиот натпревар во табла на „Мобилност Македонија“. Турнирот се одржа во ресторан „Арена“ во Тетово. Учество земаа 34 натпреварувачи, телесни инвалиди од вкупно 13 здруженија од Македонија, и тоа: Штип, Прилеп, Скопје, Кочани, Куманово, Велес, Охрид, Битола, Дебар, Кавадарци, Тетово, Гевгелија и Струмица. Присуствуваа околу 80 гости од здруженијата и пријатели на „Мобилност Тетово и Гостивар“ кои дадоа свој придонес и помош во работата на здружението. На турнирот во полуфиналето се натпреварувaа Муштеба Амети од „Мобилност Охрид“, Димче Паунов од „Мобилност Кочани“, Ванчо Каранфилов од „Мобилност Скопје“ и Марко Лазаров од „Мобилност Гевгелија“. Првото место го освои Ванчо Каранфилов од „Мобилност Скопје“, второто Муштеба Амети од „Мобилност Охрид“, а третото место го освои Димче Паунов од „Мобилност Кочани“. Првонаградениот освои пехар, второнаградениот табла, а третонаградениот пијалак. Сите тројца добија дипломи и по еден пар влечки (спонзорство). Спонзори на овој турнир беа пекарницата „Житен клас“ (кои го донираа пехарот и кифлите за ручекот), „Везе шари“ (кои донираа сувомесни производи), „Лит ком“ (млечни производи), обложувалници „Мар Бет“ од Тетово (пијалаци), „Биланс инженеринг“ (пијалаци) и сите тие придонесоа во збогатување на програмата и реализација на оваа активност. На турнирот беа поканети и присуствуваа и претставници од сите институции и политички партии кои дејствуваат во општина Тетово. Присутни беа и со тоа ја поддржаа оваа наша активност заменик-директорот на Фондот за здравство, Џемаил Мехази, пратеничката во Собранието на Република Македонија од ВМРО-ДПМНЕ, Светлана Карапетрова и директорот на Центарот за ортотика и протетика „Славеј“.

НАТПРЕВАР ВО БРИЏ ПО ПОВОД 3 ДЕКЕМВРИ

Здружението на лица со телесен инвалидитет „Мобилност Скопје“ традиционално по повод 3 декември – Меѓународниот ден на лицата со инвалидност одржа натпревар во бриџ. Натпреварот се одржа на 26 и 27 ноември 2014 година во просториите на ДХО „Даре Џамбаз“. На натпреварот учествуваа 23 натпреварувачи, кои беа поделени во шест групи. Во првото коло излегоа по двајца, односно еден од групите, за во второто коло да останат 16 натпреварувачи. Во следната фаза од натпреварот останаа осум натпреварувачи, кои пак беа поделени во две групи, за на 27 ноември да се одигра финалето на натпреварот во бриџ по повод 3 декември. Најдобро пласирани на натпреварот беа: Ристо Фотевски – го освои првото место; Рашо Талунџиќ – го освои второто место; и Никола Даскалов – го освои третото место. На тројцата најдобро пласирани натпреварувачи им беа доделени парични награди.

Елена Ѓурчиноска

„МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА“ ГО ОСВОИ ПРЕОДНИОТ ПЕХАР ЗА 2014 ГОДИНА

Националната федерација за спорт и рекреација на инвалидите на Македонија – Македонски параолимписки комитет (НФСРИМ-МПК), на 1.12.2014 година, по повод одбележувањето на 3 декември – Меѓународен ден на лицата со инвалидност, во ДХО „Даре Џамбаз“ организираше турнир во шах помеѓу шаховските репрезентации на Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија „Мобилност Македонија“, Националниот сојуз на слепи на Македонија, Националниот сојуз на глуви на Македонија и Националниот сојуз на цивилни инвалиди од војната на Македонија. На турнирот, иако уредно поканета, не настапи екипата на Националниот сојуз на инвалидите на трудот на Македонија.

Секоја екипа броеше по четири натпреварувачи, и по одиграните три кола, првото место го освои екипата на „Мобилност Македонија“, во состав: Јанчо Ѓорѓевски, Мирослав Бучевски, Даниел Нуневски и Адем Неби, со освоени 9,5 поени. Второто место го освои екипата на Националниот сојуз на слепи на Македонија со 8,5 поени, третото Националниот сојуз на глуви на Македонија со 4 поени и четвртото место го освои Националниот сојуз на цивилни инвалиди од војната на Македонија со 2 поени.

Преодниот пехар на победничката екипа го предаде претседателот на НФСРИМ-МПК, Коце Димов.

Б.Јовановски

УСПЕШНО РЕАЛИЗИРАН ПРОЕКТ, ОДОБРЕН ОД СОБРАНИЕ НА ГРАД СКОПЈЕ

Здружението на лица со телесен инвалидитет на Скопје „Мобилност Скопје“, по објавениот јавен повик за проекти во областа на спортот од јавен интерес за Град Скопје за 2014 година, изработи и поднесе седум проекти од коишто три беа одобрени, и тоа: „Турнир во шах по повод 13 Ноември“, „Меѓуопштински натпревар во пинг-понг за лица со телесен инвалидитет“ и „Натпревар во атлетика за лица со телесен инвалидитет“.

Проектот „Меѓуопштински натпревар во пинг-понг за лица со телесен инвалидитет“ беше одобрен и финансиски потпомогнат од Градоначалникот на Град Скопје Коце Трајановски и Советот на Град Скопје.

На 29.11.2014 година се одржа натпреварот во средното училиште „Михајло Пупин“ во Скопје. На натпреварувањето учествуваа членови на „Мобилност Скопје“, „Мобилност Куманово“, „Мобилност Прилеп“ и „Мобилност Битола“ и се натпреварува во три категории – лесна, тешка и категорија жени. На крајот на натпреварот на тројцата првопласирани од сите категории им беа доделени медали за освоено прво, второ и трето место на натпреварот.

Конечните табели изгледаа вака:

ТЕШКА КАТЕГОРИЈА

1. Рубин Ристески
2. Марјан Зафировски
3. Томи Јаневски

ЛЕСНА КАТЕГОРИЈА

1. Страшко Коцевски
2. Зоран Трајановски
3. Ненад Диниќ

КАТЕГОРИЈА ЖЕНИ

1. Олга Ристовска
2. Наташа Црвенковска
3. Тања Ристеска

На 27.9.2014 година се одржа натпреварот во населбата Железара на зелената површина зад „Ремедика“. На натпреварувањето учествуваа членови на „Мобилност Скопје“ кои се натпреварувааа во три категории – лесна, тешка и категорија жени. Судија на натпреварот беше Драган Дојчиноски. На крајот на натпреварот на тројцата првопласирани од сите категории им беа доделени награди и медали за освоено прво, второ и трето место на натпреварот.

Елена Ѓурчиноска

Конечните табели изгледаа вака:

НАТПРЕВАР ВО АТЛЕТИКА ЗА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ

ТЕШКА КАТЕГОРИЈА

ИМЕ И ПРЕЗИМЕ	ЃУЛЕ	ДИСК	КОПЈЕ	ПЛАСМАН
ИМЕР СЕФЕРИ	8	23	23,40	1
ТОНИ МИТРОВСКИ	7,50	18,64	17	2
САШО ТОДОРОВСКИ	6,10	12,40	13,72	3

ЛЕСНА КАТЕГОРИЈА

ИМЕ И ПРЕЗИМЕ	ЃУЛЕ	ДИСК	КОПЈЕ	ПЛАСМАН
ДЕЈАН ЃОРЃИЕВСКИ	8,95	28	23,70	1
АЦО ПЕТРОВСКИ	8,75	21,40	19,15	2
ЗОРАН МАРКОВСКИ	6,30	16,10	15,30	3

КАТЕГОРИЈА ЖЕНИ

ИМЕ И ПРЕЗИМЕ	ЃУЛЕ	ДИСК	КОПЈЕ	ПЛАСМАН
СИЛВАНА ТРАЈКОВСКА	6,02	16,50	12,53	1
РОСАНА ЕФРЕМОВА	5,96	15,97	15,20	2
ЗОРИЦА ГОЧЕВСКА	5,25	13,10	11,70	3

ОТВОРЕНО ПРВЕНСТВО НА ХРВАТСКА ВО АТЛЕТИКА

Македонските спортисти со телесен инвалидитет, Митко Орданов од Кавадарци и Дејан Ѓорѓиевски од Скопје, учествуваа на „17-то Отворено првенство на Хрватска во атлетика за лица со инвалидност“ кое се одржа во Вараждин од 04-07.07.2014 година.

Еден од бенефитите кои нашите спортисти ги имаа на првенството беше извршената медицинска класификација според најновите важечки критериуми.

Митко Орданов се натпреварува во класата Ф44 и својот надобар успех го постигна во дисциплината копје во која го освои првото место од четири натпреварувачи со резултат од 35,54 метри. Во дисциплината диск го освои шестото место од седум натпреварувачи со резултат од 26,84 метри.

Нашиот втор натпреварувач Дејан Ѓорѓиевски настапи во класата Ф57 и својот најдобар успех го постигна во дисциплината диск освојувајќи го третото место од пет натпреварувачи со резултат од 19,28 метри. Во дисциплината ѓуле со резултат од 7,35 метри го освои деветтото место.

Б.Јовановски

ТУРНИР ВО ШАХ ПО ПОВОД 13 НОЕМВРИ

Здружението на лица со телесен инвалидитет на Скопје „Мобилност Скопје“, по објавениот јавен повик за проекти во областа на спортот од јавен интерес за Град Скопје за 2014 година, изработи и поднесе проект „Турнир во шах по повод 13 Ноември“, т.е. по повод Денот на ослободувањето на Скопје, на ниво на град Скопје. Проектот беше одобрен и финансиски потпомогнат од Градоначалникот на Град Скопје Коце Трајановски и Советот на Град Скопје. На 12 ноември се почна со реализација на турнирот во шах на кој присуствуваа вкупно 20 шахисти: тројца членови од здружението на цивилни инвалиди од војната, четворица претставници од Здружението на слепи и слабовидни, четворица претставници од Здружението на глуви и наглуви, четворица претставници од „Гамбит Асеко“ и петте најдобро пласирани членови на „Мобилност Скопје“ од претквалификацискиот турнир за учество на државното првенство во шах. Шаховскиот турнир се играше по швајцарски систем, викенд правила на ФИДЕ, со темпо на игра 20 минути по играч во седум кола. Делегат на натпреварите беше Тони Пајдаков, а судија Драган Дојчиноски. Турнирот траеше два дена и заврши на 13.11.2014 година, кога и беа прогласени тројцата најдобри и им беа доделени пехари и парични награди.

Конечната табела на тројцата најдобри изгледаше вака:

Реден број	Име и презиме	Здружение
1.	Никола Николовски	**„Гамбит Асеко“**
2.	Зоран Костадиновски	Здружение на слепи и слабовидни
3.	Андреј Вељановски	**„Гамбит Асеко“**

На 14.9.2014 година во просториите на „Мобилност Скопје“ се одржа информативно предавање „Како со помош на АБР, кај децата со церебрална парализа и други проблеми со моториката, се постигнува поголема контрола во движењето на телото и поголема контрола врз движењата“. На предавањето присуствуваа членови на „Мобилност Скопје“ и „Мобилност Куманово“. По внимателно проследеното предавање беа поставувани прашања од страна на слушателите поврзани со методата АБР, како може да ја подобри состојбата кај излезен колк од лежиште (исчашен колк), кај епи-напади и дали може да се комбинира со друга метода како на пример Војта методата. Исто така беа претставени и најновите техники на вежбање. Весна Гасовска-Габелоска, обучен АБР тренер, го одржа предавањето и одговараше на поставените прашања.

Елена Ѓурчиноска

ISSN 1857-8470